tobaccotaxation
Economic Research Informing
Tobacco Taxation Policy

Потрошувачка на тутун во Република Северна Македонија

Бојана Мијовиќ Христовска, MSc
Тамара Мијовиќ Спасова, MSc
Борче Треновски, PhD
Кристијан Кожески
Марија Трпкова-Несторовска, PhD
Наташа Трајкова Најдовска, PhD

Скопје, 2020

ПРИЗНАНИЈА

Аналитика работи заедно со Институтот за економски науки во Белград, кој ја координира регионалната мрежа на истражувачи во Југоисточна Европа за оданочување на тутунот. Проектот е финансиран од Универзитетот Илиноис од Чикаго (UIC) Институт за здравствено истражување и политика за спроведување на економски истражувања за оданочување на тутун во Република Северна Македонија. UIC е партнер на иницијативата Блумберг за намалување на употребата на тутун. Ставовите изразени во овој документ не може да се припишат, ниту пак ги претставуваат ставовите на UIC, Институтот за здравствени истражувања и политика или Bloomberg Philanthropies.

Авторите се благодарни за коментарите од UIC и Центрите за контрола и превенција на болести на САД (CDC).

Скопје, ноември 2020

Предложен цитат: Христовска Мијовиќ, Б., Спасова Мијовиќ, Т., Треновски, Б., Кожески, К., Трпкова-Несторовска, М., и Трајкова-Најдовска, Н. (2020). Потрошувачка на тутун во република Северна Македонија. Analytica, Скопје, Република Северна Македонија.

СОДРЖИНА

ПРИЗНАНИЈА ..... ERROR! BOOKMARK NOT DEFINED.

СПИСОК НА СЛИКИ ..... ERROR! BOOKMARK NOT DEFINED.

СПИСОК НА ТАБЕЛИ ..... ERROR! BOOKMARK NOT DEFINED.

РЕЧНИК ..... ERROR! BOOKMARK NOT DEFINED.

ГЛАВА 1: РЕЗИМЕ **12**

ГЛАВА 2: ВОВЕД **16**

2.1. Општи информации за земјата 16

2.2. Потрошувачка на тутун и трендови 17

2.3. Тековни политики за контрола на тутунот 18

ГЛАВА 3: МЕТОДОЛОГИЈА **20**

3.1. Студија на население 20

3.2. Дизајн за земање примероци 20

3.3. Анкетен прашалник 21

3.4. Вработување и обука 23

3.4.1. Агенција за спроведување 23

3.4.2. Пилот истражување 23

3.4.3. Обука 23

3.4.4.Работа на терен 23

3.4.5. Доверливост/согласност за информираност 24

3.5. Обработка и собирање на податоци 25

3.6. Статистичка анализа 25

3.7. Мерење 25

3.8. Карактеристики на примерок и популација 25

ГЛАВА 4: УПОТРЕБА НА ТУТУН **26**

4.1. Употреба на разни производи на тутун за пушење 27

4.2. Испушени цигари на дневна основа 28

4.3. Возраст при започнување на секојдневно пушење 30

ГЛАВА 5: ПРЕСТАНОК СО ПУШЕЊЕ **32**

5.1. Сооднос на откажување 36

5.2. Интензитет на пушење 38
ГЛАВА 6: ИНДИРЕКТЕН ЧАД 40
6.1. Изложеност на ИЧ во домот 40
6.2. Изложеност на ИЧ на јавни места 41
ГЛАВА 7: ЕКОНОМИЈА НА УПОТРЕБА НА ТУТУН 46
7.1. Просечна сума потрошена за произведени и рачно виткани цигари 46
7.2. Месечни трошоци за произведени и рачно виткани цигари 47
7.3. Марки на цигари кои најмногу се пушат и места за купување 51
ГЛАВА 8: СТАВОВИ, ПЕРЦЕПЦИИ И МЕДИУМИ 53
8.1. Ставови за политиките за контрола на тутунот 53
8.2. Ставови за политиките за зголемувања на цената 54
ГЛАВА 9: ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ 58
ПРИЛОГ А: ДИЗАЈН ЗА ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ 61
ПРИЛОГ Б: ТАБЕЛИ 80

ЛИСТА НА ГРАФИКОНИ

Слика 4.1. Скоро половина од возрасните во Северна Македонија се пушачи (n=1,006)
Слика 4.2. Дневната преваленца на пушење е најголема кај пушачите на возраст од 45-54 години (n=1,006)
Слика 4.3. Повеќе од половина мажи пушачи и 34,7 проценти од жени пушачи пушат повеќе од 20 цигари дневно (n=431)
Слика 4.4. По 45-годишна возраст, процентот на пушачи со висок (повеќе од 20 цигари дневно) интензитет на пушење опаѓа (n=431)
Слика 4.5. Околу половина од постојани секојдневни пушачи започнале да пушат кога биле законски возрасни, на возраст од 18–24 години (n=486)
Слика 5.1. Обидите за откажување во изминатите 12 месеци биле почести кај мажите отколку кај жените (n=486)
Слика 5.2. Здравјето и цената се главните причини за обид за откажување од пушење (n=94)
Слика 5.3. Најкраткото времетраење на апстиненција од пушење (во месеци) е меѓу најмладите пушачи, додека најдолго е кај возрасните на возраст од 45-54 години (n=94)
Слика 5.4. Скоро половина (44,0 проценти) од тековните пушачи биле во состојба да апстинираат од пушење помалку од еден месец (n=94)
Слика 5.5. Повеќе од половина пушачи на возраст од 45-54 години апстинирале од пушење повеќе од шест месеци (n=94)
Слика 5.6. Како што се зголемуваат приходите на домаќинствата, процентот на тековни пушачи кои се откажуваат од пушењето помалку од еден месец се зголемува (n=94)
Слика 5.7. Соодносот на откажување се зголемува со возраста (n=594)
Слика 5.8. Повеќето тековни пушачи на произведени и рачно виткани цигари пушат приближно иста количина сега како и во минатото (n = 448 за произведени цигари, n = 61 за рачно виткани цигари)
Слика 6.1. На повеќе од една третина од тековните пушачи им е дозволено да пушат само надвор или на тераса кога се дома (n=1,006)
Слика 6.3. Меѓу сите возрасни групи, најголема изложеност на ИЧ има во барови или ноќни клубови и ресторани (n=1,006)
Слика 6.2. Најголема изложеност на ИЧ има во барови или ноќни клубови и ресторани (n = 1.006)
Слика 6.4. Нема значителна разлика помеѓу урбаните и руралните средини во однос на изложеноста на ИЧ (n=1,006)
Слика 6.5. Нема значителна разлика помеѓу пушачите со различни степени на образование за изложеност на ИЧ (n=1,006)
Слика 6.6. Нема значителна разлика помеѓу пушачите со различни нивоа на приход на домаќинството во однос на изложеноста на ИЧ (n=1,006)

Слика 6.7. На скоро 97 проценти од пушачите барем еднаш им било кажано дека нивното пушење им пречи на другите луѓе (n=486)
Слика 7.1. Кутија со 20 произведени цигари е двојно поскапа од 20 рачно виткани цигари (n = 448 за произведени цигари, n = 61 за рачно виткани цигари)
Слика 7.2. Мажите во просек, трошат релативно повеќе пари на произведени и рачно виткани цигари од жените (n = 448 за произведени цигари, n = 61 за рачно виткани цигари)
Слика 7.3. Просечниот месечен трошок за цигари се зголемува со стареењето на пушачите, достигнувајќи го својот врв на 45-54 години (n=448 за произведени цигари, n = 61 за рачно виткани цигари)
Слика 7.4. Просечниот месечен трошок за рачно виткани цигари е релативно понизок отколку за произведени цигари, но испитаниците со месечни приходи на домаќинствата помеѓу 601 € и 900 € трошат повеќе на рачно виткани цигари отколку другите групи на приходи (n = 448 за произведени цигари, n = 61 за рачно виткани цигари)
Слика 7.5. Нема значителна разлика помеѓу мажите и жените во однос на просечниот број на испушени цигари месечно (n = 448 за произведени цигари, n = 61 за рачно виткани цигари)
Слика 7.6. Иако нема значителна разлика помеѓу возрасните групи во однос на просечниот број на испушени произведени цигари месечно, интензитетот на пушење на рачно виткани цигари е најголем кај пушачите на возраст од 25–34 години и кај најстарите пушачи (n = 448 за произведени цигари , n = 61 за рачно виткани цигари)
Слика 7.7. Повеќето пушачи на произведени цигари пушат marka Родео (n=448)
Слика 8.1. Повеќето возрасни (83,0 проценти) сметаат дека цигарите се скапи (n=1,006)
Слика 8.2. Повеќе од половина од тековните пушачи се категорично против зголемување на цената за пет проценти (n = 1.006 за сите возрасни, n = 486 за тековните пушачи и n = 520 за непушачите)
Слика 8.3. Повеќе од три од четири тековни пушачи се категорично против зголемување на цената за 20 проценти (n=486)
Слика 8.4. Повеќе од половина (55,7 проценти) од возрасните сметаат дека повисоките цени би биле корисна политика за намалување на употребата на тутун (n=1,006)
Слика 8.5. Возрасните сметаат дека бесплатната поддршка за откажување од тутун, вклучително и терапија за замена за никотин, е најмалку корисна стратегија за намалување на потрошувачката на тутун (n=1,006)
Слика 8.6. Повеќето возрасни не забележале никакви промоции на тутун во изминатите шест месеци (n = 1.006)
Слика Б4.1. Графички приказ на корисници на „класичен“тутун, по вид на производи

ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

Табела 1.1. Општи карактеристики за Северна Македонија
Табела А3.1. Процент на примерокот што дава можен одговор за Северна Македонија
Табела А3.2. Дизајн на земање на примероци според региони и вид на живеалиште
Табела А3.3. Дизајн на земање на примероци според регион, област и вид на живеалиште
Табела А3.4. Мерења: Вардардски регион, урбана средина
Табела А3.5. Мерења: Вардардски регион, рурална средина
Табела А3.6. Мерења: Источен регион, урбана средина
Табела А3.7. Мерења: Источен регион, рурална средина
Табела А3.8. Мерења: Југозападен регион, урбана средина
Табела А3.9. Мерења: Југозападен регион, рурална средина
Табела А3.10. Мерења: Југоисточен регион, урбана средина
Табела А3.11. Мерења: Југоисточен регион, рурална средина
Табела А3.12. Мерења: Пелагониски регион, урбана средина
Табела А3.13. Мерења: Пелагониски регион, рурална средина
Табела А3.14. Мерења: Полошки регион, урбана средина
Табела А3.15. Мерења: Североисточен регион, урбана средина
Табела А3.16. Мерења: Североисточен регион, рурална средина
Табела А3.17. Мерења: Скопски регион, урбана средина
Табела А3.18. Мерења: Скопски регион, рурална средина
Табела А3.19. Процентуален распоред на возрасни, според избрани демографски карактеристики
Табела Б4.1. Процентуален распоред на возрасни, според статусот на пушење и избрани демографски карактеристики
Табела Б4.2. Процентуален распоред на тековни корисници на тутун, според видот на користениот тутунски производ
Табела Б4.3. Процентуален распоред на тековни пушачи на „класични“ производи од тутун, според вид на тутунски производ
Табела Б4.4а. Процентуален распоред на тековни секојдневни пушачи, според просечен број на испушени цигари* дневно и избрани демографски карактеристики
Табела Б4.4б. Процентуален распоред на тековни секојдневни пушачи, според просечен број на испушени произведени цигари дневно и избрани демографски карактеристики
Табела Б4.4в. Процентуален распоред на тековни секојдневни пушачи, според просечен број на испушени рачно виткани цигари дневно и избрани демографски карактеристики

Табела Б4.5. Процентуален распоред на постојани секојдневни пушачи, според возраста при започнување со пушење и избрани демографски карактеристики
Табела Б5.1. Процентуален распоред на тековни пушачи кои се обиделе да се откажат од пушењето во изминатите 12 месеци, според избрани демографски карактеристики
Табела Б5.2. Процентуален распоред на тековни пушачи кои се обиделе да се откажат од пушењето во изминатите 12 месеци, според причините за обид за откажување
Табела Б5.3. Просечно времетраење на апстиненција од пушење кај тековни пушачи кои се обиделе да се откажат во изминатите 12 месеци, според избрани демографски карактеристики
Табела Б5.4. Процентуален распоред на тековни пушачи кои се обиделе да се откажат во последните 12 месеци, според времетраењето на апстиненција и избрани демографски карактеристики
Табела Б5.5. Сооднос на откажување, според избрани демографски карактеристики
Табела Б5.6. Процентуален распоред на тековни пушачи на произведени и рачно виткани цигари, според интензитет на пушење денес наспроти во минатото и избрани демографски карактеристики
Табела Б5.7. Процентуален распоред на тековни пушачи кои денес пушат помалку според причини за намален интензитет на пушење
Табела Б6.1 Процентуален распоред на возрасни, според политика за пушење во домашна средина
Табела Б6.2. Процентуален распоред на возрасни кои се изложени на чад од тутун во домот, според статусот на пушење и избрани демографски карактеристики
Табела Б6.3. Процентуален распоред на возрасни кои се изложени на чад од тутун на разни јавни места, според избрани демографски карактеристики
Табела Б6.4. Процентуален распоред на тековни пушачи на кои им било кажано дека нивното пушење им пречи на другите луѓе
Табела Б7.1а. Просечна сума потрошена за 20 произведени цигари
Табела Б7.1б. Просечна сума потрошена за 20 рачно виткани цигари
Табела Б7.2. Просечен месечен трошок за произведени и рачно виткани цигари и просечен број на испушени цигари кај тековни возрасни пушачи, според избрани демографски карактеристики
Табела Б7.3. Процентуален распоред на тековни пушачи на произведени цигари, според последна купена марка
Табела Б7.4а. Процентуален распоред на тековни пушачи на произведени цигари, според местото на последното купување и избрани демографски карактеристики

Табела Б7.4б. Процентуален распоред на тековни пушачи на рачно виткани цигари, според местото на последното купување и избрани демографски карактеристики

Табела Б7.5. Процентуален распоред на тековни пушачи на произведени цигари, според реакција на последното зголемување на цената и избрани демографски карактеристики

Табела Б8.1. Процентуален распоред на возрасни, според ставот кон цените на произведени цигари и избрани демографски карактеристики

Табела Б8.2а. Процентуален распоред на возрасни, според ставот кон зголемувањето на цената на цигарите од 5% и статусот на пушење

Табела Б8.2б. Процентуален распоред на возрасни, според ставот кон зголемувањето на цената на цигарите од 20% и статусот на пушење

Табела Б8.3а. Процентуален распоред на возрасни врз основа на нивното мислење за различни видови стратегии за контрола на тутунот

Табела Б8.3б. Процентуален распоред на возрасни врз основа на нивното мислење за различни видови стратегии за контрола на тутун, според статусот на пушење

Табела Б8.4. Процент на возрасни кои во последните шест месеци забележале промоции на тутун на различни места

РЕЧНИК

Цигара: Тенок цилиндар од мелен или сечкан тутун кој е завиткан во хартија, запален и испушен. Вклучува произведени цигари и рачно виткани цигари.

Тековен пушач: Возрасно лице кое испушило 100 цигари во текот на својот живот и кое моментално пуши цигари.

Секојдневен пушач: Возрасно лице кое испушило најмалку 100 цигари во текот на својот живот и кое сега пуши секој ден.[1]

Електронски цигари: Направа што има форма на цигара, пура или пенкало и не содржи тутун. Користи батерија и содржи раствор на никотин, ароми и други хемикалии, од кои некои може да бидат штетни. Кога се користат електронски цигари, растворот од никотин се претвора во пареа што може да се вдише во белите дробови. Количината на никотин во поединечни електронски цигари може да варира. Сè уште не е познато дали електронските цигари се безбедни или дали може да се користат за да им се помогне на пушачите да се откажат од пушењето. Исто така наречени се и е-цигари.

Постојан пушач: Лице кое отсекогаш пушело цигари или пури. Поточно, лице кое пушело најмалку 100 цигари или пури во текот на својот живот.

Постојан секојдневен пушач: Лице кое отсекогаш пушело било каков тутунски производ барем еднаш на ден.

Поранешен пушач: Возрасно лице кое пушело најмалку 100 цигари во текот на својот живот, но кое се откажало од пушењето во време на интервјуто.

Загреани производи од тутун (ЗПТ): Загреани производи од тутун се тутунски производи кои произведуваат аеросоли кои содржат никотин и други хемикалии, а кои корисниците ги вдишуваат преку устата. Тие содржат високо зависна супстанца никотин (во тутунот), при што ЗПТ предизвикуваат зависност. Тие исто така содржат адитиви кои не се тутунски и често содржат арома. ЗПТ го имитираат однесувањето на пушење конвенционални цигари, а некои користат специјално дизајнирани цигари за да содржат тутун за греење.

Помалку од секојдневен пушач (повремен пушач): Возрасно лице кое пушело најмалку 100 цигари во текот на својот живот и кое пуши сега, но не пуши секој ден. Претходно се нарекуваше „повремен пушач“.

Никогаш пушач: Возрасно лице кое никогаш не пушело или кое испушило помалку од 100 цигари во текот на неговиот живот.

Непушач: Лице кое не пуши тутун и не е пушач.

[1] https://www.cdc.gov/nchs/nhis/tobacco/tobacco_glossary.htm

Сооднос на откажување: Број на поранешни секојдневни пушачи како дел од вкупниот број на луѓе кои отсекогаш пушеле секојдневно во популација. Тоа е статистичка мерка за активност за откажување од пушење која се препорачува за употреба во истражување на однесувањето кон тутун.

Индиректен чад (ИЧ): Чад што доаѓа од согорување на тутунски производ и чад што го издишуваат пушачите. Вдишување на индиректен чад се нарекува неволно или пасивно пушење. Исто така наречен е чад од тутун во околина (ЧТО).

Тутун без чад: Вид на тутун што не се пуши или гори. Може да се користи како тутун за џвакање или влажен бурмут или да се вдишува низ носот како сув бурмут. Тутунот без чад содржи никотин и многу штетни хемикалии кои предизвикуваат рак. Користењето може да доведе до зависност од никотин и може да предизвика рак на устата, хранопроводот и панкреасот. Исто така, може да предизвика срцеви заболувања, заболувања на непцата и други здравствени проблеми.

Откажување од пушење: Советување, терапија за однесување, лекови и производи што содржат никотин - како што се никотински лепенки, гуми за џвакање, пастили, инхалатори и спрејови за нос - може да се користат за да му помогнат на некое лице да престане да пуши.

Возраст на започнување со пушење: Возраст на започнување со пушењето кај постојани пушачи.

Интензитет на пушење: Просечен број на испушени цигари во еден вообичаен ден.

Друг производ за пушење од тутун: Секој запалив тутунски производ што е дизајниран да се пуши - освен цигари - вклучувајќи пури, цигарилоси, мали пури, тапи и бидис или бирис (мали, нефилтрирани цигари со вкус што обично се наоѓаат во Јужна Азија).

Ниво на основно образование: Вообичаено, првата фаза на формално образование, доаѓа по предучилишно и пред средно училиште. Основното образование се одвива во основно училиште. Завршува во првите осум години на школување.

Ниво на средно образование: Ниво на образование кое завршува за две или три години средно образование (пониско средно) или за четири години (повисоко средно ниво). Во Северна Македонија, средно училиште за општо образование, или средно училиште, трае четири години (возраст од 15 до 19 години). Средното училиште за општо стручно или техничко образование може да трае од две до четири години, според трите различни програми: програма за стручно оспособување, која трае две години и обезбедува најниска квалификација; програма за индустрија, трговија или услуги, која трае три години и нуди средна квалификација; и четиригодишна програма за техничка обука која дава највисока квалификација.

Ниво на високо образование: Ниво на образование кога некој има добиено диплома од професионален универзитет (завршено три години на т.н. „колеџи“ или „високи училишта“), или дипломиран, магистерски или докторски степен.

ГЛАВА 1: РЕЗИМЕ

Оваа студија презентира податоци за употребата на тутун во Северна Македонија врз основа на Истражувањето за потрошувачка на тутун во земјите од Југоисточна Европа (STC-SEE) спроведено во 2019 година и нуди препораки до креаторите на политики за усвојување на поефикасни политики за контрола на тутунот. Ова е една од првите студии во Северна Македонија што дава толку сеопфатни информации и проценки за употребата на тутун. Следењето и достапноста на точни и навремени информации за употребата и контролата на тутунот се меѓу клучните предуслови за успешна здравствена и фискална политика, за обезбедување на превенција, за намалување на штетните ефекти од употребата на тутун и за заштита на здравјето и животот на луѓето.

Иако Северна Македонија ја ратификуваше Рамковната конвенција на Светската здравствена организација (СЗО) за контрола на тутунот (FCTC) во 2006 година, и на 1 јануари 2010 година воведе општа забрана за пушење на јавни места, вклучително и ресторани и барови, овој напредок стагнираше во последните години. На почетокот на 2018 година, мерките за контрола на тутунот се влошија, бидејќи забраната за пушење беше олабавена со дозволување на пушење во специјално определени места и отворени тераси. [2] Во исто време, владата продолжи да обезбедува високи земјоделски субвенции насочени кон стимулирање на производството на тутун. Покрај тоа, Северна Македонија има најниски цени на цигарите во регионот, како одраз на најниското даночно оптоварување меѓу набљудуваните земји.[3] Како резултат на тоа, Северна Македонија е рангирана меѓу првите десет земји во светот според преваленцата на пушење и просечниот број на испушени цигари по пушач.[4] Според STC-SEE, потрошувачката на тутун во 2019 година во Северна Македонија беше една од највисоките (48,4 проценти) во регионот на ЈИЕ.

Со цел внимателно да се следи и ефикасно да се контролира употребата на тутун во земјата, клучна е достапноста на податоци за преваленцата на пушење и други индикатори. Овој извештај обезбедува релевантни информации за креаторите на политики во Северна Македонија за да можат ефикасно да ја следат употребата на тутун и други важни индикатори за поддршка на развојот на сеопфатни политики за контрола на тутунот. Истражувањето во Северна Македонија беше дел од регионалното истражување (STC-SEE), [5] кое има за цел да добие меѓународно споредливи податоци за употребата на тутун, како и да ги разбере ставовите поврзани со однесувањето на пушењето и специфични мерки за намалување на пушењето. Истражувањето во Северна Македонија опфати национален репрезентативен примерок од 1.006 мажи и жени на возраст од 18–85 години и беше спроведено лице в лице, од врата до врата. На испитаниците им беа поставени прашања во врска со

[2] За повеќе детали во однос на законите за контрола на тутун во Северна Македонија, видете на: https://www.tobaccocontrollaws.org/legislation/country/macedonia/laws

[3] Improving tobacco taxation policies in Southeastern Europe. The Institute of Economic Sciences in Belgrade. http://tobaccotaxation.org/cms_upload/pages/files/Policy-Brief-Southeastern-Europe.pdf

[4] http://www.gjmedph.com/uploads/O3%20-Vo3No4.pdf; https://www.telegraph.co.uk/travel/maps-and-graphics/world-according-totobacco-consumption/

[5] STC-SEE беше спроведено во шест земји во регионот: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.

употребата на тутун, откажување, изложеност на пасивно пушење, економија на употреба на тутун, медиуми и ставови и перцепции за употребата на тутун и политиките.

Ова истражување беше спроведено за да се добијат споредливи податоци за употребата на тутун и политиките за контрола на тутунот со другите земји во регионот на ЈИЕ. Во оваа насока, креаторите на политиките треба да обрнат особено внимание на резултатите од ова истражување со цел да се спроведат поефикасни механизми за контрола на тутунот во земјата, да се воведе нова стратегиска рамка во согласност со препораките на СЗО, да придонесе за усогласување на националното законодавство со сегашното законодавство на ЕУ и да се ревидира постојната политика за оданочување на тутун со цел да се намали потрошувачката на тутун. Креирање и спроведување на нова политика треба да ги вклучува сите поголеми институции, вклучувајќи го Министерството за финансии, Министерството за здравство, Царинската управа, Институтот за јавно здравје и здруженијата од граѓанското општество.

Клучните наоди на оваа студија се следните:

Резултатите од истражувањето укажуваат на висока стапка на пушење кај возрасни лица (48,4 проценти) во Северна Македонија, со скоро 81,4 проценти од тековните секојдневни пушачи кои започнуваат со пушење пред 25-та година од животот. Повеќето пушачи во Северна Македонија користат произведени цигари (92,0 проценти) наспроти рачно виткани цигари (12,5 проценти), додека само околу 1,0 проценти од тековните пушачи користат други производи од тутун. Кај жените има скоро два пати поголема веројатност (39,4 проценти) никогаш да не пробале да пушат отколку кај мажите (20,3 проценти). Тековните секојдневни пушачи на тутун во Северна Македонија е поверојатно да се мажи, на возраст меѓу 45 и 54 години, живеат во рурална област и имаат пониско средно ниво на образование и месечен доход на домаќинството помеѓу 901 и 1.200 €.

Скоро еден од петмина тековни пушачи (19,3 проценти) се обиделе да се откажат од пушење во последните 12 месеци. Најмладата група на пушачи (18-24 години) има највисока стапка на обиди за откажување од пушење (41,0 проценти), следена од втората најмлада група (25-34 години) (32,1 проценти). Додека најмладите пушачи имаат највисока стапка на обиди за откажување, тие исто така имаат најниско просечно времетраење на апстиненција. Спротивна е состојбата кај постарите возрасни групи, кои прават помалку обиди за откажување, но апстинираат подолго кога го прават тоа. Најважните причини за обид за откажување од пушење се зголемено познавање на штетните ефекти од пушењето (36,0 проценти), високите цени на цигарите (31,6 проценти) и болестите (25,8 проценти). Вкупниот сооднос на откажување е 18,1 процент. Овој сооднос е поголем кај мажите пушачи (20,0 проценти) отколку кај жените пушачи (15,1 проценти).

Повеќето возрасни пријавуваат изложеност на чад од тутун во домот (44,2 проценти), во барови или ноќни клубови (73,6 проценти) и во ресторани (42,2 проценти). Помалку од половина од непушачите (42,9 проценти) и 11,9 проценти од пушачите не дозволуваат пушење во своите домови. Поголем процент на жени пушачи (57,5 проценти) отколку мажи пушачи (49,2 проценти) тврдат дека се изложени на чад од тутун во домот.

Пушачите на произведени цигари трошат во просек 30,68 € месечно, што е повеќе од двојно од просечната месечна сума потрошена за рачно виткани цигари (13,29 €). Високата преваленца на пушење е поврзана со многу ниската цена на произведени цигари (1,73 €) и рачно виткани цигари (0,94 €) и исто така со ниската просечна месечна сума потрошена од тековните пушачи и на произведени и рачно виткани цигари (27,6 €). Просечен пушач пуши 382,0 произведени цигари или 308,8 рачно виткани цигари месечно. Како што се зголемува нивото на образование на пушачот, бројот на произведени цигари испушени месечно се намалува (од 425,1 на најниско ниво на образование до 325,1 на највисоко ниво на образование).

Повеќе од половина од тековни пушачи (56,9 проценти) и само 19,5 проценти од непушачите се категорично против зголемувањето на цената на цигарите за пет проценти. Скоро половина од возрасните (44,8 проценти) сметаат дека цигарите се скапи, а 38,2 проценти веруваат дека се многу скапи. Како и да е, 34,4 проценти од возрасните сметаат дека ако пушењето или продажбата на тутунски производи станат нелегални (забранети со закон), тоа би била најкорисната стратегија за намалување на потрошувачката на тутун. Стратегијата за нудење бесплатна поддршка за откажување од тутун и терапија за замена на никотин се смета за најмалку корисна од повеќето испитаници (27,7 проценти). Индикатор за успешна имплементација на забраната за рекламирање на цигари е фактот дека испитаниците не забележале значајни промотивни активности во врска со цигарите или другите производи од тутун.

Врз основа на наодите од истражувањето, оваа студија ги нуди следните препораки за политика:

- **Значително зголемување на цената на тутунските производи со зголемување на акцизата.** Зголемувањата на цената преку повисоки акцизи се покажа како една од најефикасните мерки ширум светот за намалување на употребата на тутун и спасување на животи, вклучително и за обесхрабрување на започнување со пушење кај возрасни и млади.[6]
- **Подигање на свеста за штетните ефекти врз здравјето од користење на тутун и воведување на сеопфатни програми за контрола на тутунот со цел да се намали пушењето и кај младите и кај возрасните** преку организирање јавни кампањи во медиумите, како и во училиштата, болниците и работните места. Покрај тоа, штетните ефекти на тутунот треба да се воведат како тема во наставната образовна програма, почнувајќи од основните училишта, а особено во средните училишта.
- **Развивање на ефикасни услуги за откажување од пушење и да се направат достапни и овозможени за сите пушачи.** Услугите за откажување во форма на консултации со медицински професионалци по телефон или лично треба да бидат широко достапни во училиштата, колеџите, ординациите на општите лекари и болниците. Тие се особено важни за да ги охрабрат и мотивираат младите пушачи да се откажат од цигарите, како и да ги информираат постарите возрасни групи за штетите од пушењето за себе лично и за членовите на нивното семејство. Покрај тоа, функционални телефонски линии за помош и

[6] *Preventing tobacco use among youth and young adults: A report of the Surgeon General*. (2012). National Center for Chronic Disease Prevention and Health Promotion (US) Office on Smoking and Health.

групи за поддршка финансирани од владата може да им помогнат на пушачите во откажувањето.

- **Применување на политика заснована на докази и координирање на напорите на сите релевантни чинители.** За да биде политиката ефективна, треба да се врши постојан мониторинг и собирање податоци за употребата на тутун од сите вклучени чинители на различни нивоа, вклучително и Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје и Царинската управа, како и училиштата, болниците и регионалните социјални одделенија.

ГЛАВА 2: ВОВЕД

2.1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЗЕМЈАТА

Северна Македонија е планинска копнена земја и се наоѓа на Балканскиот полуостров во југоисточниот дел на Европа. Зафаќа површина од 25.713 квадратни километри, се граничи со Косово и Србија на север, Бугарија на исток, Грција на југ и Албанија на запад. Земјата беше една од конститутивните републики во поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Таа се стекна со независност во 1991 година, по референдумот со огромно мнозинство гласови во корист на нејзината независност. Етничките Албанци ја сочинуваат втората по големина етничка група по етничките Македонци, сочинувајќи 25 проценти од вкупното население. Другите етнички групи вклучуваат Турци, Роми, Срби, Бошњаци, Власи и други. Земјата е поделена од северозапад кон југоисток со својата најдолга река, Вардар. Поседува три природни езера (Охрид, Преспа и Дојран) како и неколку вештачки езера и брани. Нејзината највисока точка е планината Кораб, на 2.764 метри, што се граничи со Албанија на запад.

Северна Македонија има вкупно население од малку повеќе од два милиони жители според последниот попис во 2002 година. Главниот град на Северна Македонија е нејзиниот најголем град, Скопје. Службен јазик е македонскиот, а неговото писмо се заснова на кирилично писмо.

Табела 1.1. *Општи карактеристики за Северна Македонија*

Општи информации	Податок
Регион	Југоисточна Европа
Категорија на приходи (2019)	Горно-среден приход
Население (2002)	2,1 милиони
Површина (км^2) (2019)	25,713
Главен град	Скопје
Макроекономски показатели	
Бруто домашен производ, во милиони (2019)	11,795 €
Бруто домашен производ, по глава на жител (2019)	5,672 €
Бруто домашен производ, реална стапка на пораст (2019)	3.6%
Стапка на инфлација (2019)	0.8%
Стапка на невработеност (2019)	17.3%
Плати (просечна месечна) (2019)	410 €
Степен на вработеност (2019)	797,651

Приближно 40 проценти од населението живее во рурални области. Во земјоделството во земјата доминираат мали и многу распарчени семејни имоти. Земјоделскиот извоз се состои претежно од тутун и производи од тутун, вино, грозје, овошје,

раноградинарски зеленчук и јагнешко/овчо месо. Главни трговски партнери се Европската унија (ЕУ), Србија и Црна Гора.[7],[8]

Во Северна Македонија, постои долга историја и традиција на одгледување и извоз на суров тутун, особено ориентален вид тутун - главно сорти Прилеп, Јака и Басма. Како таква, Северна Македонија е важен производител на суров тутунов лист и готови цигари во регионот. Производството на тутун има многу важно место во економијата на Северна Македонија, и од економски и од социјални причини.[9] Со проценето учество од три проценти во глобалното производство на тутунов лист, Северна Македонија е меѓу осумте главни земји произведувачи на тутун во светот. Површината од земјата на која се одгледува тутун е 3,4 проценти од вкупната обработлива површина во земјата, додека површината на која се одгледуваат енергетски култури претставува приближно 81,1 процент од вкупната површина.[10]

2.2. ПОТРОШУВАЧКА НА ТУТУН И ТРЕНДОВИ

Северна Македонија е меѓу највисоко рангираните земји на глобално ниво кога станува збор за преваленцата на пушење и вкупниот број на испушени цигари дневно по пушач.[11] Во 2017 година, проценките за преваленцата на пушење врз основа на податоците за трошоците на домаќинствата во Северна Македонија, беа приближно 40 проценти,[12] додека во 2019 година според STC-SEE, што се базира на податоци на индивидуално ниво, преваленцата на пушење беше 48,4 проценти, што ја става земјата далеку над просекот на ЕУ во однос на потрошувачката на тутун. Во 2017 година, просечен пушач во Македонија пушел 21,3 цигари дневно.[13] За споредба, преваленцата на пушење во 2014 година се движеше од 8,7 проценти во Шведска до 27 проценти во Грција и Бугарија.[14] Покрај тоа, во 2017 година, само шест проценти од населението во ЕУ постари од 15 години консумирале најмалку 20 цигари дневно, а околу 13 проценти консумирале помалку од 20.[15] Особено загрижувачка е преваленцата на пушење кај младите (на возраст од 13-17 години). Според најновата студија European School Survey Project on Alcohol and Other Drugs (ESPAD) во 2015

[7] Кабранова, Р. и Арсов, З. (2009). Територијални и природни приоритети на Македонија - Важен фактор за развој на производството на тутун. Факултет за земјоделски науки и храна. Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје, Македонија.

[8] Туна, Е. (2006). Секторот тутун во Република Македонија - Анализа на конкурентност. Универзитет СЛУ, Оддел за економија.

[9] Ibid.

[10] Центар за соработка за научни истражувања поврзани со тутунот - Производство на тутун во Македонија, 2016 година

[11] http://www.gjmedph.com/uploads/O3%20-Vo3No4.pdf; https://www.telegraph.co.uk/travel/maps-and-graphics/world-according-totobacco-consumption/

[12] Трајкова Најдовска, Н., Мијовиќ Спасова, Т., Мијовиќ Христовска, Б. и Треновски, Б. Одговорот на преваленцата на пушење и потрошувачката на цигари на промените во цената и приходите во Северна Македонија. Тинк-тенк Аналитика, Северна Македонија.

[13] Мијовиќ Спасова, Т., Мијовиќ Христовска, Б. (2018). Подобрување на политиката за данок на тутун во Република Македонија, Тинк-тенк Аналитика.

[14] Tobacco consumption statistics, EUROSTAT, 2016, https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php?title=Tobacco_consumption_statistics.

[15] Трајкова Најдовска, Н., Мијовиќ Спасова, Т., Мијовиќ Христовска, Б. и Треновски, Б. Одговорот на преваленцата на пушење и потрошувачката на цигари на промените во цената и приходите во Северна Македонија. Тинк-тенк Аналитика, Северна Македонија.

година, 38,4 проценти од малолетниците пушеле барем еднаш во текот на животот, додека 14,7 проценти одговориле дека пушеле 1-2 пати во текот на нивниот живот.[16]

Најновите трендови сугерираат дека, иако умерен, има негативен сооднос помеѓу цените на цигарите и потрошувачката во Северна Македонија.[17] Додека просечната цена на кутија цигари се зголеми од 2015 до 2017 година за скоро 17 денари или скоро 23 проценти, потрошувачката на цигари се намали за 7,5 проценти или 2,3 кутии по домаќинство месечно, во просек. Меѓутоа, преваленцата на пушење остана висока. Оваа умерена промена на потрошувачката најверојатно се должи на сè уште релативно ниските цени на цигарите, во просек од само 1,3 € по кутија.

Проекциите од Светската здравствена организација (СЗО) сугерираат дека, во Северна Македонија во следните 40 години ќе се случат 39.000 смртни случаи поврзани со тутун, доколку продолжат сегашните нивоа на потрошувачка на тутун. Рамковната конвенција за контрола на тутунот на СЗО (FCTC) препорачува значително зголемување на даноците и цените на тутунот како најефикасен начин за намалување на употребата на тутун и неговите погубни последици по здравјето. Зголемувањето на цените и даноците на тутунот може да биде ефикасно за подобрувањето на здравјето на луѓето, намалување на трошоците за здравствена заштита и во исто време, зголемување на приходите на државата.[18]

2.3. ТЕКОВНИ ПОЛИТИКИ ЗА КОНТРОЛА НА ТУТУНОТ

Законската рамка во Северна Македонија со која се регулираат тутунот и производите од тутун се состои од неколку закони и политики за контрола на тутунот (Приказ 1). Примарните цели на овие законски регулативи се спречување на нелегалната трговија, спречување на продажба на тутун на малолетници, подобрување на наплатата на даноците и прилагодување на акцизите, како и наметнување поголема финансиска дисциплина на локалните трговци и големите домашни и меѓународни производители во земјата. Постојат соодветни закони со кои се регулира производството, дистрибуцијата, пакувањето и спроведувањето на здравствени предупредувања за производи од тутун и суров тутун. Дополнително, постојат закони поврзани со оданочувањето специфично за тутунот и пушењето воопшто.

Приказ 1. Закони за контрола на тутунот во Северна Македонија

- Закон за тутун и производи од тутун (Службен Весник 24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13, 151/14, 193/15, 213/15, и 39/16)
- Закон за заштита од пушење (Службен Весник 36/1995, 70/03, 29/04, 37/05, 6/07, 103/08, 140/08, 35/10, 100/11, 157/13, и 51/18)
- Закон за акцизи (Службен Весник 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04, 38/05, 88/08, 105/09, 34/10, 24/11, 55/11, 135/11, 82/13, 98/13, 43/14, 167/2014, 188/2014, 129/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 31/2016, 171/2017, и

[16] http://iph.mk/wp-content/uploads/2016/12/ESPAD-izvestaj-final-final.compressed.pdf
[17] Трајкова Најдовска, Н., Мијовиќ Спасова, Т., Мијовиќ Христовска, Б. и Треновски, Б. Одговорот на преваленцата на пушење и потрошувачката на цигари на промените во цената и приходите во Северна Македонија. Тинк-тенк Аналитика, Северна Македонија.
[18] Ibid.

120/2018)

- Закон за заштита на животната средина (Службрн Весник 53/2005, 81/2005, 3 decisions 2006.24/2007, 159/2008, 83/2009, decision 2009, 47/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 187/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015, 192/2015, и 39/2016)
- Закон за здравствена заштита (Службен Весник 43/2012, 145/2012, 10/2013, одлука 2013, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, одлука 2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016, и одлука 2017)
- Закон за радиодифузија (Службен весник 100/2005, 19/2007, одлука 2007, одлука 2008, 103/2008, 152/2008, 6/2010, одлука 2010, 145/2010, 97/2011, 13/2012, и 72/2013)

Општа забрана за пушење на јавни места, вклучително и ресторани и барови, стапи на сила во Северна Македонија од 1 јануари 2010 година. Од 2003 година, Законот за заштита од пушење делумно го забранува пушењето на јавни места, дозволувајќи одделни места наменети за пушење во јавни канцеларии, ресторани и барови. Амандманот на делумната забрана за пушење на јавни места беше воведен во 2008 година, кога пушењето беше забрането на повеќето јавни места, вклучувајќи ги и образовните институции и другите јавни објекти во кои се сместени мали деца, млади луѓе и студенти. На почетокот на 2018 година, новоизбраната Влада на Северна Македонија го измени Законот за заштита од пушење и ја олесни забраната за пушење, дозволувајќи пушење во специјално определени места и отворени тераси. Амандманот имаше за цел да ја олесни забраната за пушење на јавни места, што, според секторот ХотелиРесторанИКафетерии (ХоРеКа) во земјата, и штетеше на угостителската индустрија.

Политиката за контрола на тутунот во Северна Македонија има три главни цели: унапредување на здравјето; спречување на употреба на тутун; и интегриран, систематски и родово чувствителен пристап кон креирање политики на национално и локално ниво што ги исполнува специфичните потреби и права на граѓаните.[19]

Во минатото, Владата на Северна Македонија спроведуваше елаборирани кампањи и активности на масовните медиуми, насочени кон промовирање на поздрав начин на живот преку изложување на штетните ефекти од пушењето и подигнување на јавната свест за придобивките од раниот прекин на пушењето. Некои од овие активности се совпаднаа со процесот на приближување на локалното законодавство кон законодавството на ЕУ, како предуслов за членство на земјата во ЕУ.

[19] Ќосевска, Е. (2017). Harmful effects from tobacco use: A challenge for local interaction cooperation in the Republic of North Macedonia. *Journal of European Affairs*.

ГЛАВА 3: МЕТОДОЛОГИЈА

STC-SEE беше спроведена како дел од проектот „Забрзување на напредокот на ефективните даночни политики за тутун во земјите со ниски и средни приходи“, финансиран од Институтот за здравствени истражувања и политика на Универзитетот Илиноис во Чикаго (UIC). Анкетата е спроведена во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Црна Гора и Србија со користење на ист прашалник.

STC-SEE е првото истражување од ваков вид спроведено во Северна Македонија за следење на употребата на тутун. Собирањето на податоците се случи во септември 2019 година, користејќи метод лице в лице, со вкупна големина на примерок од 1.006 испитаници. Просечното времетраење на интервјуто беше 30 минути. Прашалникот STC-SEE е дизајниран со користење на најдобри практики од други меѓународни студии и инструменти, вклучувајќи го и Глобалното истражување за тутун за возрасни (GATS), Проектот за истражување на меѓународна контрола на тутунот (ITC) и Истражувањето за ценовните политики и контролата на тутунот во Европа (PPACTE).[20] Покрај деталните информации за потрошувачката на тутун, откажувањето, трошоците и цените, STC-SEE обезбедува информации за ставовите кон цените и потрошувачката на тутун, изложеност на индиректен чад во домот и на јавни места, одбојност кон пушење, изложеност на рекламирање на тутун, и социоодемографски карактеристики на испитаниците.

3.1. СТУДИЈА НА НАСЕЛЕНИЕ

Целната популација на истражувањето вклучуваше мажи и жени во Северна Македонија, на возраст од 18 до 85 години. Истражувањето не беше спроведено во институционализирани живеалишта или во колективни живеалишта, како што се воени институции, затвори, манастири, хотели, студентски домови, болници или домови за стари лица. Луѓето бездомници беа исто така исклучени.

3.2. ДИЗАЈН ЗА ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ

Истражувањето е дизајнирано да биде национално репрезентативно за возрасната популација (на возраст од 18–85 години) во Северна Македонија, врз основа на последниот попис од 2002 година. Истражувањето користеше примерок на веројатност во три фази.

Во првата фаза, во Северна Македонија беа избрани 100 основни единици за земање примероци (PSUs) со поделба на урбана наспроти рурална средина во согласност со пропорцијата во секоја од популациите. Во втората фаза, случајно беа избрани десет единици на домување во секое PSU со техника на случајна рута, почнувајќи од случајно избраната адреса со фиксен периодичен интервал (интервалот на земање примероци). Во третата фаза, членовите на домаќинството беа случајно избрани со методот на наредена роденден.

[20] https://www.cdc.gov/tobacco/global/gtss/index.htm; https://itcproject.org; http://www.tri.ie/ppacte.html

Приказ 2. Дизајн за земање примероци – Фази на селекција

Големина на примерок: 1,006 испитаници

Рамката за земање примероци се заснова на податоци од пописот во 2002 година.

Целна популација: Жители на возраст од 18 до 85 години на територијата на Северна Македонија

Вид на примерок: Стратификуван примерок на веројатност во три фази

Фази на земање примероци

- Осум статистички региони: Вардарски, Скопски, Пелагониски, Полошки, Источен, Југоисточен, Североисточен, Југозападен
- Вид на живеалиште (урбано/рурално)
- Домаќинства по техника на случајна рута, почнувајќи од дадените адреси
- Член на домаќинство со иста веројатност (SRSWoR)
- Десет испитаници по место на земање примероци

- Распределбата на примерокот по слоеви е пропорционална на големината на слојот (број на лица на возраст од 18–85 години).
- Пост-стратификација според: пол, возраст, вид на живеалиште, гео-економски регион и ниво на образование
- 95 проценти на интервал на доверба за обем од 50 проценти на големината на примерокот од 1.006 е CI 3,1 процент (46,9 проценти, 53,1 процент).

3.3. АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

Прашалникот за STC-SEE, подготвен од Институтот за економски науки во Белград, Србија, главно се засноваше на основниот прашалник на GATS,[21] со неколку прашања усвоени и од истражувањата на ITC и PPACTE. Резултатите од истражувањето беа искористени за пресметување на различни индикатори за употреба на тутун, откажување од тутун, изложеност на индиректен чад, економија на употреба на тутун, медиуми и ставови и перцепции. Прашалникот е изработен на англиски јазик и преведен на македонски јазик.

Прашалникот беше дизајниран да ги опфати следните теми:

Дел А. Демографски прашања во врска со полот и возраста: Прашања што опфаќаат видови на употреба (дневно консумирање, помалку од дневно консумирање, неконсумирање), поранешно/минато консумирање на тутун и консумирање на различни производи од тутун (цигари, пури, цигари без филтер, цигарилоси, лулиња на тутун и лулиња на вода).

Дел Б. Пушење тутун: Возраст на започнување на пушењето, број на консумирани тутунски производи на неделно ниво и сума на пари потрошени на разни производи од тутун.

21 https://www.who.int/tobacco/surveillance/en_tfi_gats_corequestionnairewithoptionalquestions_v2_FINAL_03Nov2010.pdf

Дел В. Електронски цигари: Прашања што опфаќаат видови на употреба (дневно консумирање, помалку од дневно консумирање, неконсумирање), причини за употреба на овој вид на производ и места каде што се купува.

Дел Г. Тутунски производи без чад: Прашања што опфаќаат видови на употреба (дневно консумирање, помалку од дневно консумирање, неконсумирање), возраст на започнување, причини за употреба на овој вид производ и места каде што се купува.

Дел Д. Загреани производи од тутун: Прашања што опфаќаат видови на употреба (дневно консумирање, помалку од дневно консумирање, неконсумирање), возраст на започнување, причини за употреба на овој вид на производ и места каде што се купува.

Дел Ѓ. Наргиле/шиша/водено луле со тутун: Возраст на започнување.

Дел Е. Користени марки на производи од тутун: Марки на тутунски производи што се користеле за време на интервјуто, потекло на производите, цената која е платена за тој одреден производ и местото на купување на производот.

Дел Ж. Историјат на однесување поврзано со пушењето: Тековни навики за пушење, количина на испушени цигари во минатото во споредба со сегашноста, причини за намалено пушење, фактори што влијаеле на намалувањето на пушењето, влијанието на цената врз навиките за пушење.

Дел З. Откажување - Пушење тутун: Прашања поврзани со обиди за откажување, методи што се користат за да се престане со пушење, причини за намерата за откажување.

Дел S. Откажување - Корисници на загреан тутун: Прашања поврзани со обиди за откажување, методи што се користат за да се престане со пушење, причини за намерата за откажување.

Дел И. Престанок - Корисници на тутун без чад: Прашања поврзани со обиди за откажување, методи што се користат за да се престане со пушење, причини за намерата за откажување.

Дел Ј. Ставови кон цените и одаточувањето на тутунот (економија): Прашања во врска со најскорешното купување на цигари вклучувајќи ја и купената количина, трошок, марка, извор на набавка и вид.

Дел К. Изложеност: Изложеност на чад во домот и на јавни места, одбојност кон пушење и изложеност на рекламирање.

Дел Л. Други демографски прашања: Образование, вработување, личен доход и доход на домаќинство, број на членови на домаќинството и брачен статус.

Методот за собирање на податоци користен во ова истражување беше интервју лице во лице, спроведено во домовите на испитаниците со методологија CAPI (Computer-Assisted Personal Interviewing). Интервјуто лице во лице е метод за собирање податоци каде што интервјуерот директно комуницира со испитаникот во согласност со подготвениот прашалник. Овој метод им овозможува на истражувачите да добијат информации заедно со проценките, ставовите, преференциите на испитаниците, и други информации за време на разговорот.

3.4. НАЈМУВАЊЕ И ОБУКА

3.4.1. Агенција за спроведување

Компанија за истражување на пазарот и консултантски услуги, Deep Dive, со седиште во Белград, Србија, беше одговорна за координирање на собирањето на податоците во сите шест земји. Собирањето на податоци во Северна Македонија беше извршено преку Институтот ТИМ[22], кој е партнер на Deep Dive. Проектниот менаџер на Deep Dive обезбеди целосна насока за спроведување на истражувањето во Северна Македонија и беше во постојана секојдневна комуникација со директорот за теренска работа во Институтот ТИМ за да се осигура дека сите постапки правилно се следат. ТИМ беше должен да се придржува до истите правила и прописи како агенцијата Deep Dive, како што е утврдено во договорите помеѓу агенцијата и секој од подизведувачите.

3.4.2. Пилот истражување

Пилот-студијата (пред-тест) беше спроведена во Северна Македонија во јуни 2019 година. Пилот-истражувањето обезбеди јасност, логичен тек или низа на прашањата, адекватност и соодветност на категориите на одговор и јасност и точност на формулациите на локалните јазици. Пилотот исто така имаше за цел да утврди дали ставот, интересот и мотивацијата на испитаниците да одговорат на прашањата ќе бидат конзистентни, како и да се утврди просечното време на интервју со цел да се утврди разумна дневна квота. Друга важна цел на пилотот беше да го тестира текстот (програмиран прашалник), бидејќи истражувањето беше спроведено со методот за собирање податоци CAPI (Computer-Assisted Personal Interviewing). Пилот-истражувањето беше спроведено и во урбани и во рурални области, со вкупно десет испитаници во секоја точка за земање примероци. Пилот-интервјуата беа соодветно распоредени според полот, видот на живеалиште (урбано наспроти рурално), статусот на пушење и возрасна група.

3.4.3. Обука

Обуката за целиот персонал вклучен во теренските операции беше спроведена на четири регионални сесии во Северна Македонија во септември 2019 година. Проектните менаџери служеа како обучувачи, додека учесниците на регионалните сесии за обука вклучуваа регионални супервизори, супервизори за теренска работа и анкетари за теренска работа. Секоја сесија за обука опфаќаше концепти и дефиниции за истражување, како и администрирање на прашалник со употреба на таблет компјутери.

3.4.4. Работа на терен

За истражувањето во Северна Македонија, Институтот ТИМ вработи вкупно 41 анкетари за теренска работа, распределени помеѓу осум гео-економски региони. Супервизор на тим беше одговорен за три до пет анкетари и се осигура дека тимот строго го следи протоколот и пропишаните процедури. Беа назначени десет

[22] http://www.timinstitut.mk/en/index.html

регионални менаџери за теренска работа да го надгледуваат спроведувањето на истражувањето во нивната област и да обезбедат техничка помош за концептите на истражувањето, прашалниците и процедурите за работа на терен. Тие исто така обезбедија техничка помош за употреба на таблет компјутери, додека ИТ тимот на Deep Dive беше задолжен за покомплицирани проблеми. Супервизорите за теренска работа извршија проверки на самото место, а супервизорите за контрола на квалитетот на Институтот ТИМ спроведоа кратки интервјуа за верификација. Теренската работа беше спроведена од 17 септември до 7 октомври 2019 година. Контролата на постапките за собирање на податоци беше спроведена преку телефон за најмалку 12 проценти од вкупниот примерок. Дополнително, контролата на логичноста и конзистентноста на собраните податоци беше извршена на сите (100 проценти) од интервјуата.

3.4.5. Доверливост/согласност за информираност

Земајќи ја предвид анкетираната популација (на возраст од 18 до 85 години), не беше потребна родителска согласност. На почетокот на истражувањето, сите испитаници беа уверени дека сите одговори во анкетата ќе се користат само за истражување и анализа, и не можат да се користат за било која друга цел, и никогаш нема да бидат поврзани со нивните податоци за идентификација, како што се име и адреса.

Во согласност со препораките на European Society for Opinion and Marketing Research (ESOMAR), Deep Dive ги следеше основните принципи развиени од Организацијата за економска соработка и развој (OECD) за насоки за одговорноста на компаниите за социјално истражување и истражување на пазарот, во рамките на глобалната рамка за заштита. Оваа рамка вклучува збир на принципи за употреба при дизајнирање и спроведување на истражувања за да се обезбеди приватност и да се заштитат личните податоци.

Приказ 3. OECD Рамка за приватност – Основни принципи[23, 24]

Ограничување на собирање – ограничување на собирање на лични податоци само на оние точки што се неопходни за целите на истражувањето и осигурување дека податоците не се користат на било кој начин некомпатибилен со овие цели

Квалитет на податоци – користење на процедури за да се осигура дека сите лични податоци се точни и целосни со извршување на проверки на квалитетот во секоја фаза од процесот на истражување (тестирање на прашалник пред започнување на теренската работа, за да го минимизира ризикот од грешки при собирање на податоци; следење и потврдување на интервјуа за време на фазата на теренска работа; дополнителни проверки на квалитет при обработка на податоци и известување, за да се осигура дека анализата, заклучоците и препораките се во согласност со податоците)

Спецификација на целите и ограничување на употребата – транспарентност на

[23] https://www.oecd.org/sti/ieconomy/oecd_privacy_framework.pdf

[24] World research codes and guidelines, ESOMAR DATA PROTECTION CHECKLIST, ©2016 ESOMAR. Објавено во јануари 2015 година. Последно ажурирање во април 2016 година. https://www.esomar.org/uploads/public/knowledge-and-standards/codes-and-guidelines/ESOMAR-Data-Protection-Checklist_update-April-2016.pdf

субјектот на податоци при собирање лични податоци од субјектот на податоци, вклучувајќи доволно информации за наменетата употреба на собраните лични податоци и било какво споделување со трети лица

3.5. ОБРАБОТКА И СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

STC-SEE користеше електронски прашалник објавен на таблет компјутери. Поставувањето, обработката, управувањето со софтверот и интеграцијата на податоците на истражувањето ги водеше Deep Dive, каде што техничкиот персонал на Deep Dive служеше како менаџер на податоци. Теренските анкетари од Институтот ТИМ секојдневно поставуваа податоци на серверот. За рано откривање и решавање на проблемите во датотеките, менаџерите на податоци ги разгледуваа и прегледуваа податоците веднаш по приемот. Тие доставуваа неделен извештај за статусот до Deep Dive, укажувајќи на бројот на завршени и незавршени случаи по анкетар. Откако ја обезбедија комплетноста на базата на податоци, менаџерите за податоци на Deep Dive ги претворија податоците во формат SPSS за почетна проценка на квалитетот на податоците.

3.6. СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА

Беа пресметани мерењата на примероци за секој испитаник, следејќи стандардни процедури. Деталите за вредностите на мерењата на примероци се дадени во Прилог А.

3.7. МЕРЕЊЕ

Направени се прилагодувања на податоците со цел да се поправат мерењата на распределбата од пописот во 2002 година. Варијаблите користени за калибрација беа гео-економски регион (осум статистички региони), тип на живеалиште (урбано наспроти рурално), возрасна група, пол и ниво на образование.

3.8. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИМЕРОК И ПОПУЛАЦИЈА

1.006 извршени интервјуа претставуваат околу 1,7 милиони возрасни лица на возраст од 18 до 85 години во Северна Македонија. Рамката за земање примероци беше заснована на податоци од последниот попис спроведен во Северна Македонија во 2002 година (Табели А3.4 – А3.18 во Прилог А).

ГЛАВА 4: УПОТРЕБА НА ТУТУН


Во ова поглавје се наведени резултатите и наодите од анкетата за потрошувачка на тутун во Северна Македонија за употребата на тутун и други однесувања поврзани со тутун.

Клучни наоди

1. ***Скоро половина од возрасните во Северна Македонија (48,4 проценти) во моментот користат тутун. Преваленцата на пушење е 57,9 проценти кај мажите и 39,0 проценти кај жените.***
2. ***Преваленцата на пушење се зголемува со возраста на пушачите, достигнувајќи го својот врв на 45-54 години (60,1 процент за тековни секојдневни пушачи). По 55-тата година, стапката на преваленца почнува да се намалува се додека не се намали за скоро половина на возраст од 65-74 години.***
3. ***Повеќето пушачи во Северна Македонија користат произведени цигари (92,0 проценти) наспроти рачно виткани цигари (12,5 проценти). Други производи од тутун користат само околу еден процент од тековните пушачи.***

Во Северна Македонија, 48,4 проценти од возрасните (на возраст од 18–85 години) се тековни пушачи. Табелата Б4.1 во Прилог Б покажува дека преваленцата на тековното пушење е поголема кај мажите отколку кај жените (57,9 проценти и 39,0 проценти, соодветно). Меѓу сите возрасни, 43,0 проценти се секојдневни пушачи, додека 5,4 проценти пушат помалку од дневно (Слика 4.1). Дневната преваленца на пушење кај мажите е поголема отколку кај жените (50,6 проценти и 35,4 проценти, соодветно). Видете Табела Б4.1 во Додаток Б.


Слика 4.1*. Скоро половина од возрасните во Северна Македонија се пушачи (n=1,006)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Жените веројатно скоро двојно повеќе (39,4 проценти) никогаш не пробале да пушат, отколку мажите (20,3 проценти). Во однос на возраста на тековните пушачи, како што е прикажано на слика 4.2, надпросечна дневна преваленца на пушење е застапена кај возрасни 45-54 години (60,1 процент), по што почнува да опаѓа, се додека не се намали за скоро половина на возраст од 65-74 години (32,4 проценти) (Табела Б4.1 во Прилог Б).

Слика 4.2. *Дневната преваленца на пушење е најголема кај пушачите на возраст од 45-54 години (n=1,006)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Табелата Б4.1 исто така покажува дека процентот на тековни пушачи е многу сличен во урбаните и руралните средини. Во однос на образованието, возрасните со средно образование имаат најголем процент на тековни дневни пушачи (58,6 проценти), додека другите три нивоа на образование имаат скоро еднаква преваленца на тековните дневни пушачи, близу 40 проценти.

Што се однесува до нивото на доход на испитаниците (Табела Б4.1 во Прилог Б), најголем процент на тековни секојдневни пушачи (68,2 проценти) има кај возрасните со просечен доход на домаќинството помеѓу 901 € и 1.200 € месечно. Следниот најголем дел на тековни секојдневни пушачи е кај возрасните со доходи во домаќинствата поголеми од 1.200 € месечно (48,9 проценти), додека другите групи на доходи имаат релативно еднаков процент на тековни секојдневни пушачи (околу 45,0 проценти).

4.1. УПОТРЕБА НА РАЗНИ ВИДОВИ НА ТУТУН ЗА ПУШЕЊЕ


Поголемиот дел од тековните пушачи користат „класични“ производи за пушење тутун (97,5 проценти), додека другите производи од тутун ретко се користат: електронски цигари (1,2 проценти) и тутунски производи без чад (0,3 проценти). Користењето на загреани производи од тутун не е пријавено од ниту еден од испитаниците.

Меѓу тековните пушачи на „класични“ производи од тутун, повеќето пушат произведени цигари (92,0 проценти), 12,5 проценти пушат рачно виткани цигари, а преваленцата за другите категории е многу мала: 0,6 проценти за водено луле на тутун и 0,1 процент за луле на тутун и пури и цигарилоси. Податоците се претставени во Табела Б4.2 во Прилог Б.

4.2. ИСПУШЕНИ ЦИГАРИ НА ДНЕВНА ОСНОВА

Со цел да се открие интензитетот на пушење, или бројот на испушени цигари дневно на тековните пушачи, просечниот број на испушени цигари дневно е поделен на три категории: помалку од 10 цигари, помеѓу 10 и 20 цигари и повеќе од 20 испушени цигари дневно.


Слика 4.3. *Повеќе од половина мажи пушачи и 34,7 проценти од жени пушачи пушат повеќе од 20 цигари дневно (n=431)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Како што е прикажано на Слика 4.3, повеќето возрасни пушачи (44,4 проценти) пушат во просек повеќе од 20 цигари дневно. Оваа стапка е релативно поголема кај мажите пушачи отколку кај жените (51,3 проценти и 34,7 проценти, соодветно).

Слика 4.4. *По 45-годишна возраст, процентот на пушачи со висок (повеќе од 20 цигари дневно) интензитет на пушење опаѓа (n=431)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Пушачите во возрасните групи 35-44 (55,2 проценти) и 25-34 (47,6 проценти) имаат најголема преваленца на пушачи со висок интензитет на пушење повеќе од 20 испушени цигари дневно. Повеќето пушачи во највисоката возрасна група (75-85 години) имаат релативно понизок интензитет на пушење, со помалку од десет цигари за нивниот дневен просек (71,3 проценти). Податоците се прикажани на слика 4.4, а подетални податоци може да се најдат во Табела Б4.4а во прилог Б.

Најголем дел на пушачи со висок интензитет на пушење се возрасни со средно ниво на образование (59,2 проценти). Возрасните со повисоко ниво на образование (46,3 проценти) и оние со месечен доход на домаќинството поголем од 1.200 € (63,6 проценти) имаат најголем дел на пушачи со слаб интензитет на пушење. Понатамошни детали може да се најдат во Табела Б4.4а во Прилог Б.

Во однос на интензитетот на пушење, во Северна Македонија има три профили на просечни пушачи: тешки (повеќе од 20 цигари на ден), средни (меѓу 10 и 20 цигари на ден) и лесни пушачи (помалку од 10 цигари на ден). Најголем процент на тешки пушачи има кај мажи помеѓу 35-44 години, кај возрасни кои живеат во рурална средина и кај возрасни со пониско средно образование (Табели Б4.4а до Б4.4в).

Во Прилог Б, прикажани се пресметки за интензитетот на пушење за произведени цигари (Табела Б4.4б) и рачно виткани цигари (Табела Б4.4в). Најголем дел на корисници на произведени цигари се тешки пушачи (43,0 проценти), додека најголем дел на корисници на рачно виткани цигари се лесни пушачи (56,4 проценти).


Интересно е што процентот на лесни пушачи, и на произведени и на рачно виткани цигари, е многу сличен во сите демографски и социоекономски групи, освен во возрасните групи. Женските пушачи на произведени цигари на возраст од 18–24

години и жени пушачи на рачно виткани цигари помеѓу 35–44 години имат најголем дел на лесни пушачи.

4.3. ВОЗРАСТ ПРИ ЗАПОЧНУВАЊЕ НА СЕКОЈДНЕВНО ПУШЕЊЕ

Околу половина од пушачите (51,3 проценти) започнале да пушат помеѓу 18 и 24 години (49,5 проценти за мажи и 54,0 проценти за жени).

Слика 4.5. *Околу половина од постојани секојдневни пушачи започнале да пушат кога биле законски возрасни, на возраст од 18–24 години (n=486)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Вториот најголем процент (19,2 проценти) од постојани секојдневни пушачи започнале да пушат на 16 или 17 години. Повеќе мажите (11,6 проценти) отколку жените (7,6 проценти) почнуваат да пушат на многу млада возраст (13-15 години), додека кај младите жени, отколку кај мажите, има поголема веројатност да почнат да пушат на возраст од 25-34 години (15,3 проценти наспроти 10,3 проценти, соодветно) (Табела Б4.5 во Прилог Б).

Податоците прикажани во Табела Б4.5 во Прилог Б покажуваат дека во скоро сите возрасни групи на тековни пушачи, најчеста временска рамка за започнување со пушење е на возраст од 18 до 24 години, по што следи возраст од 16-17 години.

Во руралните средини, делот на пушачи кои започнале да пушат помеѓу 18-24 години е поголем (56,9 проценти), отколку во урбаните средини (47,1 процент). Во однос на нивото на образование на постојани секојдневни пушачи, помалку образовани испитаници (со основно или пониско образование) се чини дека почнуваат да пушат на помлада возраст, 15,3 проценти со започнување на 13-15 години и 23,1 процент на 16 или 17 години.

Пушачите кои имаат месечен доход во домаќинството поголем од 1.200 € започнуваат со пушење на помлада возраст, 16 или 17 години (63,0 проценти). Пушачите со месечен доход на домаќинството од 901 € до 1.200 € имаат значителен удел (79,1

процент) на пушачи кои започнуваат да пушат помеѓу 18-24 години. Меѓу постојаните секојдневни пушачи со пониски месечни примања на домаќинствата, возраста на започнување со пушење е помеѓу 18-24 години, по што следи возраст од 16 или 17 години. Деталните податоци се дадени во Табела Б4.5 во Прилог Б.

ГЛАВА 5: ОТКАЖУВАЊЕ


Еден од начините да се намалат штетите од употребата на тутун, е да им се помогне на пушачите што побрзо да се откажат од пушењето. Меѓународното искуство покажува дека стапката на откажување (процент од постојани пушачи кои успешно се откажуваат од пушење) е поголема доколку се достапни низа програми и стручна помош за поддршка на пушачите во процесот на откажување.

Клучни наоди

1. ***Само 19,3 проценти од сите тековни пушачи се обиделе да се откажат од цигарите во изминатите 12 месеци, а просечниот период на апстиненција од пушење траел 1,7 месеци. Додека најмладите пушачи имаат најголем процент на обиди за откажување, тие исто така имаат најмало просечно времетраење на апстиненција. Спротивното важи за постарите возрасни групи.***
2. ***Најчестите причини за обид за откажување од пушење се зголемено познавање на штетните ефекти од пушењето (36,0 проценти), високите цени на цигарите (31,6 проценти) и болестите (25,8 проценти).***
3. ***Сообносот на откажување (сооднос на поранешни пушачи и постојани пушачи) е 18,1 процент.***

Од сите тековни пушачи, 19,3 проценти се обиделе да се откажат од цигарите во изминатите 12 месеци. Поголем процент на машки пушачи отколку женски пушачи се обиделе да се откажат од пушењето (20,8, односно 17,1 проценти). Најмладите возрасни пушачи (18–24 години) имаат најголема стапка на обиди за откажување (41,0 проценти), по што следат пушачи на возраст од 25 до 34 години (32,1 процент). Процентот на обиди за откажување е најнизок кај пушачите на возраст од 45 до 54 години (8,6 проценти). Иако е охрабрувачки да се види дека помладите генерации сакаат да се откажат од пушењето, тие очигледно имаат потреба од поголема поддршка бидејќи нивните стапки на успех се ниски.

Слика 5.1. *Обидите за откажување во изминатите 12 месеци биле почести кај мажите отколку кај жените (n=486)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Што се однесува до местото на живеење, малку поголем процент (21,0 проценти) од пушачи кои се обиделе да се откажат, живеат во рурална средина во споредба со урбана средина (18,0 проценти). Пушачите со повисоко средно образование имаат најголем процент на обиди за откажување (22,0 проценти), како и пушачите со месечен доход на домаќинството од 301 до 600 €. Детални податоци се достапни во Табела Б5.1 во Прилог Б.


***Слика 5.2**. Здравјето и цената се главните причини за обид за откажување од пушење (n=94)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Како што е прикажано на Слика 5.2, најчести причини за обиди за откажување од пушење во изминатите 12 месеци се зголеменото знаење за штетните ефекти на пушењето (36,0 проценти), високата цена на цигарите (31,6 проценти) и болести (25,8 проценти). Постојат и други причини; сепак, нивната стапка на појава е значително помала (за детали, видете Табела Б5.2 во Прилог Б).


Слика 5.3. *Најкраткото времетраење на апстиненција од пушење (во месеци) е меѓу најмладите пушачи, додека најдолго е кај возрасните на возраст од 45-54 години (n=94)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Просечниот период на апстиненција од пушење за обиди за откажување во изминатите 12 месеци беше 1,7 месеци (Слика 5.3), а времетраењето е многу слично помеѓу мажите (1,7 месеци) и жените (1,6 месеци). Што се однесува до возраста, најкраткото времетраење на апстиненцијата од пушење е меѓу најмладите испитаници (само 1,1 месец), додека најдолго е кај групата испитаници на возраст од 45-54 години (4,4 месеци). Видот на живеалиштето не прави голема разлика во времетраењето на апстиненцијата на испитаниците - околу 1,7 месеци кај пушачите и во урбани и во рурални средини. Најмалку образованите испитаници имаат најкраток период на апстиненција, еден месец. Испитаниците чиј месечен доход на домаќинството е помеѓу 601-900 € и 301-600 € имале просечна апстиненција од 1,4 месеци за обиди за откажување (Табела Б5.3 во Прилог Б). Нешто помалку од половина (44,0 проценти) од тековните пушачи кои се обиделе да се откажат од цигарите не можеле да апстинираат подолго од еден месец.

***Слика 5.4**. Скоро половина (44,0 проценти) од тековните пушачи биле во состојба да апстинираат од пушење помалку од еден месец (n=94)*




Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Околу една третина (31,4 проценти) од пушачите кои се обиделе да се откажат, успеале да апстинираат во времетраење од еден до три месеци, без значителна разлика помеѓу мажи и жени пушачи (Слика 5.4).

Како што е прикажано на Слика 5.5, значителен удел (57,6 проценти) од испитаниците на возраст од 45-54 години апстинирале повеќе од шест месеци. Дополнително, процентот на испитаници кои апстинирале од три до шест месеци е поголем кај постарите групи: 30,8 проценти на возраст од 55-64 години и 30,9 проценти на возраст од 65-74 години.


***Слика 5.5.** Повеќе од половина пушачи на возраст од 45-54 години апстинирале од пушење повеќе од шест месеци (n=94)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Кога се споредуваат урбаните и руралните средини, откажувањето за помалку од еден месец е најчеста и кај двете средини (43,2 проценти за урбани и 44,7 проценти за рурални). Урбаните средини имаат поголем дел од пушачи кои апстинирале три до шест месеци (24,3 проценти), отколку руралните средини (7,8 проценти). Руралните средини имаат повеќе пушачи кои се откажуваат од пушење во времетраење од еден до три месеци (38,4 проценти), отколку оние во урбаните средини (23,1 процент). Пушачите со пониско средно образование имаат и најголем дел на пушачи кои апстинирале најкраток период од помалку од еден месец (53,2 проценти) и најголем дел на пушачи со најдолго времетраење на апстиненција од повеќе од шест месеци (16,0 проценти) во споредба со другите нивоа на образование. Податоците се прикажани во Табела Б5.4 во Прилог Б.

Слика 5.6. *Како што се зголемуваат приходите на домаќинствата, процентот на тековни пушачи кои се откажуваат од пушењето помалку од еден месец се зголемува (n=94)*




Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Слика 5.6 покажува дека како што се зголемуваат доходите на домаќинствата, процентот на тековни пушачи кои се откажуваат од пушењето помалку од еден месец се зголемува, додека процентот кои се откажуваат од пушење за еден до три месеци се намалува.

5.1. СООДНОС НА ОТКАЖУВАЊЕ

Соодносот на откажување помеѓу избраните демографски карактеристики е прикажан на слика 5.7.

***Слика 5.7**. Сообносот на откажување се зголемува со возраста (n=594)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Сообносот на откажување се пресметува според оваа формула:

$$\text{Сооднос на откажување} = \frac{\text{Поранешни секојдневни} + \text{Поранешни несекојдневни пушачи}}{\text{Постојани пушачи}}$$

каде


$$\textit{Постојани пушачи} = \textit{тековни секојдневни} + \textit{тековни несекојдневни} + \textit{поранешни секојдневни} + \textit{поранешни несекојдневни пушачи}$$

Вкупниот сооднос на откажување е 18,1 процент. Овој сооднос е поголем кај пушачите мажи (20,0 проценти), отколку кај пушачите жени (15,1 проценти). Во однос на возраста, најстарата група испитаници (75-85 години) има највисок коефициент на откажување (79,4 проценти), што може да биде поврзано со зголемените здравствени ризици на постара возраст. Резултатите сугерираат дека со стареењето на пушачите, стапката на откажување се зголемува (25,6 проценти за возраст од 55-64 години и 41,3 проценти за возраст од 65-74 години). Пушачите на возраст од 45-54 години имаат многу низок коефициент на откажување од десет проценти. Најниските стапки на откажување се меѓу најмладите возрасни групи, 6,1 процент за возраст од 25-34 години и 9,4 проценти за возраст од 18-24 години. Пушачите во урбаните средини имаат повисок коефициент на откажување (20,5 проценти), отколку во руралните средини (14,6 проценти). Нема значителни разлики во сообносот на откажување кога станува збор за нивоата на образование. Во однос на доходите на домаќинствата, се чини дека луѓето со пониски доходи имаат повисок коефициент на откажување (околу 19 проценти). Како што се зголемуваат доходите на домаќинствата, стапката на откажување се намалува (5,4 проценти за пушачите чии месечни примања на домаќинствата се повеќе од 1.200 €). Детални податоци се прикажани во Табела Б5.5 во Прилог Б.

5.2. ИНТЕНЗИТЕТ НА ПУШЕЊЕ

Анализирајќи го интензитетот на пушење, прикажан на Слика 5.8, повеќето тековни пушачи пушеле ист број цигари во минатото како и денес (60,3 проценти за произведени цигари и 72,5 проценти за рачно виткани цигари).

***Слика 5.8**. Повеќето тековни пушачи на произведени и рачно виткани цигари пушат приближно иста количина сега како и во минатото (n = 448 за произведени цигари, n = 61 за рачно виткани цигари)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Меѓу пушачите на произведени цигари, значителен дел од најстарата возрасна група пушат помалку сега отколку во минатото (78,4 проценти на возраст од 75-85 години), додека пушачите на возраст од 35-44 и 45-54 години го засилиле пушењето (30,2 проценти и 36,0 проценти, соодветно), пушат повеќе сега отколку во минатото. Пушачите чии месечни доходи на домаќинствата се движат помеѓу 900 и 1.200 € исто така го зголемиле интензитетот на пушење на произведени цигари, со 45,0 проценти пушење сега повеќе отколку во минатото.

Меѓу тековните пушачи на рачно виткани цигари, поголем процент на жени денес пушат помалку од мажите (27,5 проценти и 11,5 проценти, соодветно). Помладите и средовечните тековни пушачи на рачно виткани цигари поверојатно денес пушат помалку отколку во минатото (54,6 проценти за возраст од 25 до 34 години, 28,5 проценти за возраст од 35–44 и 24,8 проценти за 45–54). Детална презентација на анализата е прикажана во Табела Б5.6 во Прилог Б.

Меѓу тековните пушачи на произведени цигари кои сега пушат помалку, здравствените причини се наведуваат како примарен поттик за намалување на пушењето (67,7 проценти). Зголемувањето на цените е исто така значаен фактор за овие пушачи да го намалат пушењето (20,1 процент). Усвојувањето на политиките за контрола на тутунот е најмалку мотивирачки фактор за намалување на пушењето (12,2 проценти).

Ситуацијата е различна кај корисниците на рачно виткани цигари, каде што главната причина за намалување на пушењето се зголемувањето на цените (68,7 проценти). Втор најчест мотивирачки фактор се здравствените причини, наведени од 31,3 проценти. Ниту еден испитаник не го посочи усвојувањето на политиките за контрола на тутунот како причина за намалување на пушењето. Овие податоци се претставени во Табела Б5.7 во Прилог Б.

ГЛАВА 6: ИНДИРЕКТЕН ЧАД

Индиректен чад (ИЧ) е чад што доаѓа од согорување на тутунски производи, како и чадот што го издишуваат пушачите. ИЧ ги содржи сите исти штетни хемикалии што пушачите ги вдишуваат во телото и е опасен по здравјето на луѓето околу пушачите, без оглед дали и самите тие се пушачи.


Клучни наоди

1. ***Помалку од половина непушачи (42,9 проценти) не дозволуваат пушење во нивните домови, а 28,3 проценти дозволуваат пушење само надвор или на тераса.***
2. ***Приближно една третина од пушачите (35,2 проценти) смеат да пушат само на тераса или надвор.***
3. ***На двајца од пет пушачи (41,8 проценти) им било кажано повеќе пати дека нивното пушење им пречи на другите, додека 37,8 проценти слушнале слични поплаки неколку пати.***

6.1. ИЗЛОЖЕНОСТ НА ИЧ ВО ДОМОТ

Анализата на ставовите кон пушењето во домот открива дека постои извонредна разлика помеѓу политиките за пушење дома за пушачи наспроти непушачи. Во однос на ограничувањата за пушење во домашната средина, 42,9 проценти од непушачите и само 11,9 проценти од пушачите изјавија дека не дозволуваат пушење во нивните домови (Слика 6.1 и Табела Б6.1 во Прилог Б). Покрај тоа, 35,2 проценти од пушачите и 28,3 проценти од непушачите дозволуваат пушење само надвор.

Слика 6.1. *На повеќе од една третина од тековните пушачи им е дозволено да пушат само надвор или на тераса кога се дома (n=1,006)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Додека само 42,9 проценти од непушачите не дозволуваат пушење во нивните домови, 72,2 проценти тврдат дека не се изложени на чад од цигари во домот (Табела Б6.2 во Прилог Б). Ова сугерира дека голем процент од возрасните во Северна Македонија не се свесни за негативните влијанија од пушењето врз здравјето. Непушачите сè уште се изложени на чад од цигари ако дозволуваат пушење само надвор или на тераса, а особено се изложени ако дозволат пушење во нивните домови, дури и ако пушењето е ограничено на една просторија.

6.2. ИЗЛОЖЕНОСТ НА ИЧ НА ЈАВНИ МЕСТА

Според Законот за заштита од пушење во Северна Македонија, пушењето е забрането на сите јавни места како што се образовни установи (градинки, училишта и универзитети); здравствени установи и социјални институции; затворени и отворени простори за спорт и игри; културни настани и собири; јавен превоз; места за производство на храна, подготовка на храна и места за сервирање, продажба или консумирање храна; простории за состаноци и собири; други простории (сали, канцеларии, чекални и ходници); државни институции и институции на локална самоуправа; и заеднички простории во станбени згради. Пушењето во овие простории е дозволено само во специјално определени области, ако е можно, а знакот „Забрането пушење“ треба да се постави во сите други простори за непушачи.

Општа забрана за пушење на јавни места, вклучително и ресторани и барови, стапи на сила во Северна Македонија на 1 јануари 2010 година.[25] Сепак, во 2018 година владата го измени законот и ја ублажи општата забрана за пушење, дозволувајќи пушење на одредени места за пушење и отворени тераси.[26] Овој потег всушност беше поздравен од огромното мнозинство на пушачи и објектите на ХоРеКа (хотели, ресторани, кафетерии).[27]


Законот, сепак не се применува, бидејќи има значителна изложеност на чад од тутун во барови и ноќни клубови, како и во ресторани. Посетителите на други јавни места исто така не се поштедени од изложеност на чад од тутун (Слика 6.2 и Табела Б6.3 во прилог Б).

[25] Закон за заштита од пушење (Службен Весник 36/1995, 70/03, 29/04, 37/05, 6/07, 103/08, 140/08, 35/10, 100/11, 157/13 и 51/18)

[26] https://www.slobodenpecat.mk/makedonija/ne-se-trga-zabranata-tuku-se-dozvoluva-pushenevo-najlon-terasite/

[27] http://www.ohridnet.com/vesti/makedonija/11084-ugostitelite-baraat-izmeni-vo-zakonotprotiv-Pushenje

Слика 6.2. *Најголема изложеност на ИЧ има во барови или ноќни клубови и ресторани (n=1.006)*




Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Повеќето возрасни лица во Северна Македонија се изложени на чад од тутун главно во барови или ноќни клубови (73,6 проценти) и ресторани (44,2 проценти). Другите јавни места имаат пониски стапки на изложеност (12,6 проценти за државни институции, 9,4 проценти за универзитети и училишта, 8,5 проценти за јавен превоз и 4,8 проценти за здравствени установи).

Нема значајна разлика помеѓу возрасни мажи и жени кога станува збор за места на изложеност на ИЧ (Слика 6.2).

Според возраста, младите возрасни лица се претежно изложени на чад од тутун во барови или ноќни клубови (83,8 проценти). Постарите возрасни лица на возраст од 55-64 и 65-74 години, исто така изјавуваат дека биле изложени на ИЧ во барови и ноќни клубови (81,1 процент и 88,1 процент, соодветно). Слична изложеност има според возрасната група и во ресторaните, каде што младите и постарите групи се изложени на чад; сепак, процентот е помал отколку во баровите и ноќните клубови.

Слика 6.3. *Меѓу сите возрасни групи, најголема изложеност на ИЧ има во барови или ноќни клубови и ресторани (n=1,006)*




Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Помладите возрасни (од 18 до 24 години) се релативно повеќе од другите возрасни групи изложени на чад во државните институции и канцеларии (20,2 проценти) и во универзитетите и училиштата (13,4 проценти).

Сите возрасни групи се слично изложени на чад од тутун во јавниот превоз (Слика 6.3 и Табела Б6.3 во Прилог Б), додека во здравствените установи помладите групи од 18-35 години се повеќе изложени во споредба со другите возрасни групи.


Слика 6.4. *Нема значителна разлика помеѓу урбаните и руралните средини во однос на изложеноста на ИЧ (n=1,006)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Изложеноста на ИЧ во баровите и ресторaните е скоро еднаква и во урбаните и во руралните средини (Слика 6.4 и Табела Б6.3 во Прилог Б). Од друга страна, изложеноста на чад од тутун во државни институции, универзитети и училишта и јавен превоз е почеста во урбаните средини отколку во руралните средини. Спротивно на тоа, изложеноста на ИЧ во здравствените установи е поголема во руралните отколку во урбаните средини.


Слика 6.5. *Нема значителна разлика помеѓу пушачите со различни степени на образование за изложеност на ИЧ (n=1,006)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Поголемиот дел од возрасните кои пријавуваат изложеност на чад од тутун во барови или ноќни клубови и ресторани се во најниска или највисока крајност на нивоата на образование, или со основно или со помало ниво на образование, или високо образование. Возрасните со повисоко ниво на образование, исто така пријавуваат голема изложеност на ИЧ во државни институции, универзитети и здравствени установи, додека возрасните со основно или помало ниво на образование имаат голема изложеност во јавниот превоз (Слика 6.5 и Табела Б6.3 во Прилог Б) .

Слика 6.6. *Нема значителна разлика помеѓу пушачите со различни нивоа на доход на домаќинството во однос на изложеноста на ИЧ (n=1,006)*




Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

И покрај тоа што нема значителна разлика помеѓу возрасните меѓу групите на доходи во однос на изложеноста на различни јавни места, возрасните во групи со најголем доход се релативно повеќе изложени на ИЧ во државни институции или канцеларии и универзитети или училишта, додека групите со пониски примања се со поголема веројатност да бидат изложени на ИЧ во јавниот превоз (Слика 6.6 и Табела Б6.3 во Прилог Б).

На повеќето пушачи (79,6 проценти) им е кажано барем неколку пати дека нивното пушење им пречи на другите луѓе, додека 12,7 проценти никогаш не слушнале таква поплака (Слика 6.7 и Табела Б6.4 во Прилог Б).

Слика 6.7*. На скоро 97 проценти од пушачите барем еднаш им било кажано дека нивното пушење им пречи на другите луѓе (n=486)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

ГЛАВА 7: ЕКОНОМИЈА НА УПОТРЕБА НА ТУТУН

Ова поглавје се фокусира на економските аспекти на употребата на тутун кај возрасните во Северна Македонија. Најефективната мерка за намалување на употребата на тутун е зголемувањето на цените на тутунските производи преку повисоки даноци за тутун.

Клучни наоди

1. ***Произведените цигари се двојно поскапи од рачно виткани цигари (1,7 € наспроти 0,9 € за 20 цигари, соодветно).***
2. ***Пушачите на произведени цигари трошат во просек 30,7 € месечно, додека трошат 13,3 € месечно на рачно виткани цигари.***
3. ***Просечен пушач пуши 382,0 произведени цигари или 308,8 рачно виткани цигари месечно.***

Оданочувањето на тутунските производи во Северна Македонија вклучува ДДВ и акцизи. Според Царинската управа на Северна Македонија, малопродажната цена е индивидуална цена утврдена од производителот или увозникот како цена за тргување по парче за пури, цигарилоси и цигари и за килограм тутун за пушење. ДДВ и акцизата се додаваат на малопродажната цена.


Акцизата за пури и цигарилоси во Северна Македонија е 21,37 МКД (0,34 €) по парче. За цигарите, акцизата е 1.353 ден (0,02 €) по парче и 9,0 проценти од малопродажната цена. Акцизата за тутун за пушење како ситно исечен тутун е 1.500 МКД (24,2 €) по парче. Почнувајќи од 1 јули 2014 година и продолжувајќи до 2023 година, стапките на акциза за тутун за пушење како ситно исечен тутун треба да се зголемат за 50 МКД (0,8 €) на килограм годишно на 1 јули. Акцизата за тутун за пушење како и друг тутун е 1.350 ден. (21,8 €) по парче. [28,29]

7.1. ПРОСЕЧНА СУМА ПОТРОШЕНА ЗА ПРОИЗВЕДЕНИ И РАЧНО ВИТКАНИ ЦИГАРИ

Цената на цигарите е многу важна. Како што покажува ова истражување, повеќето тековни пушачи во Северна Македонија користат произведени цигари, а помал број користат рачно виткан тутун.

[28] Стапката Ad valorem на пури, цигарилоси, тутун за пушење и ситно исечен тутун во моментот е нула проценти од малопродажната цена.
[29] http://www.customs.gov.mk/index.php/en/biznis-zaednica-mk-2/akcizi/tutunski-dobra

Слика 7.1. *Кутија со 20 произведени цигари е двојно поскапа од 20 рачно виткани цигари (n = 448 за произведени цигари, n = 61 за рачно виткани цигари)*




Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Како што е прокажано на Слика 7.1, произведените цигари се двојно поскапи од рачно витканите цигари 1,7 € (105,4 ден.) и 0,9 € (55,8 ден.) за 20 цигари, соодветно (Табели Б7.1а и Б7.1б во Прилог Б).

7.2. МЕСЕЧНИ ТРОШОЦИ ЗА ПРОИЗВЕДЕНИ И РАЧНО ВИТКАНИ ЦИГАРИ

Слика 7.2. *Мажите во просек, трошат релативно повеќе пари на произведени и рачно виткани цигари од жените (n = 448 за произведени цигари, n = 61 за рачно виткани цигари)*




Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

На Слика 7.2 е направена споредба на месечните трошоци за двата вида цигари, вкупно и по пол. Во просек, пушачите плаќаат 30,7 € месечно за произведени цигари,

додека трошат помалку од половина од оваа сума (13,3 €) на рачно виткани цигари. Кога станува збор за полот, мажите трошат повеќе пари месечно во просек на произведени цигари (34,1 €) и рачно виткани цигари (14,6 €) отколку жените, кои трошат 25,8 € на произведени цигари и 11,6 € на рачно виткани цигари (Табела Б7.2 во Прилог Б).

Слика 7.3. *Просечниот месечен трошок за цигари се зголемува со стареењето на пушачите, достигнувајќи го својот врв на 45-54 години (n = 448 за произведени цигари, n = 61 за рачно виткани цигари)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија


Слика 7.3 дава увид која возрасна група троши најмногу на двата различни вида на цигари. Пушачите на возраст од 45-54 трошат најмногу на произведени цигари во споредба со другите возрасни категории. Распределбата е следна: најмладите возрасни пушачи (18–24 години) трошат 25,6 € месечно на произведени цигари. Трошоците се зголемуваат со стареењето на пушачите, достигнувајќи го својот врв на 45-54 години, по што нивното трошење се намалува како што продолжуваат да стареат. Распределбата е различна за рачно витканите цигари. Пушачите во возрасни групи од 25-34 и 75-85 години трошат најмногу на рачно виткани цигари (16,3 €), што може да биде поврзано со финансиски причини, особено за постарите пензионирани пушачи со ниски приходи (Табела Б7.2 во Прилог Б).

Според местото на живеење, пушачите кои живеат во рурални средини трошат месечно повеќе на произведени цигари (36,8 €), отколку оние во урбани средини (26,1 €). Разликата е помала кај рачно витканите цигари каде што месечниот трошок во урбаните средини е 13,9 €, додека во руралните средини е 12,7 €. Пушачите со пониско средно образование имаат најголем просечен месечен трошок за произведени цигари, од 34,1 €, додека пушачите со основно или помало ниво на образование трошат најмногу на рачно виткани цигари, 15,9 € месечно во просек (Табела Б7,2 во Прилог Б).

За да се разбере врската помеѓу нивоата на доход и месечниот трошок за цигари, Слика 7.4 (Табела Б7.2 во Прилог Б) ги прикажува релевантните податоци.

Испитаниците со месечен доход на домаќинството помеѓу 901 и 1.200 € трошат 45,5 € месечно на произведени цигари, додека испитаниците со месечен доход на домаќинството од 300 € или помалку, трошат нешто повеќе од половина од оваа сума на произведени цигари или 25,3 € месечно во просек. Месечниот трошок за рачно виткани цигари е понизок отколку за произведени цигари, но испитаниците со месечен доход на домаќинствата помеѓу 601 и 900 евра трошат повеќе на рачно виткани цигари отколку другите групи на доходи, по 17,1 €.

Слика 7.4. *Просечниот месечен трошок за рачно виткани цигари е релативно понизок отколку за произведени цигари, но испитаниците со месечни доходи на домаќинствата помеѓу 601 € и 900 € трошат повеќе на рачно виткани цигари отколку другите групи на доходи (n = 448 за произведени цигари, n = 61 за рачно виткани цигари)*




Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Овие наоди можат да придонесат за претпоставката дека, бидејќи рачно витканите цигари се поевтини, тие можат да бидат претпочитана опција за пушачи со пониски приходи.

Покрај просечните месечни трошоци за двата вида цигари, дел од анализата исто така е просечниот број на испушени цигари месечно. Слика 7.5 (Табела Б7.2 во Прилог Б) го прикажува просечниот број на испушени цигари месечно, според видот на цигара и по пол. Интересно е да се напомене дека, и покрај тоа што месечните трошоци помеѓу произведените и рачно витканите цигари се доста различни, разликата помеѓу бројот на испушени цигари е многу помала.


Слика 7.5. *Нема значителна разлика помеѓу мажите и жените во однос на просечниот број на испушени цигари месечно (n = 448 за произведени цигари, n = 61 за рачно виткани цигари)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Вкупно, просечен пушач на произведени цигари во Северна Македонија пуши, во просек, 382,0 цигари месечно, додека пушач на рачно виткани цигари пуши 308,8 цигари месечно. Мажите пушат 67,4 произведени цигари повеќе од жените месечно (или 2,2 цигари повеќе на ден). Исто е и со рачно витканите цигари, каде што мажите месечно пушат 26 цигари повеќе отколку жените, или 0,9 повеќе цигари на ден.

Слика 7.6. *Иако нема значителна разлика помеѓу возрасните групи во однос на просечниот број на испушени произведени цигари месечно, интензитетот на пушење на рачно виткани цигари е најголем кај пушачите на возраст од 25–34 години и кај најстарите пушачи (n = 448 за произведени цигари , n = 61 за рачно виткани цигари)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Според возраста, распределбата на бројот на испушени цигари месечно е слична на онаа за нивните трошоци. Испитаниците на возраст од 35-44 пушат повеќе од другите групи, со 416,6 цигари месечно (или 13,9 цигари на ден). По ова, интензитетот на пушење се намалува како што испитаниците стареат.


Состојбата е поинаква со рачно витканите цигари. Испитаниците на возраст од 25–34 години и најстарите испитаници на возраст од 75–85 години, пријавуваат најголем интензитет на пушење, пушејќи 658,2 цигари (21,9 цигари на ден) и 840,0 цигари (28,0 цигари на ден) во просек месечно, соодветно. Овие беа исто така двете возрасни категории со најголеми месечни трошоци за рачно виткани цигари. Пушачите во овие возрасни групи се тешки пушачи на рачно виткани цигари, со многу поголем интензитет од оние што пушат произведени цигари (Слика 7.6 и Табела Б7.2 во Прилог Б).

Произведените цигари повеќе се консумираат во руралните средини (464,4 месечно), отколку во урбаните средини (320,6 месечно). Рачно виткани цигари се трошат скоро подеднакво и во урбаните (313,3 месечно) и во руралните средини (304,0 месечно). Како што се зголемува нивото на образование на пушачот, бројот на произведени цигари испушени месечно се намалува (од 425,1 на 325,1). Испитаниците со основно или помало ниво на образование пушат повеќе рачно виткани цигари отколку другите категории на образование (451,3 месечно).

7.3. МАРКИ НА ЦИГАРИ КОИ НАЈМНОГУ СЕ ПУШАТ И МЕСТА ЗА КУПУВАЊЕ

Најпопуларната марка на произведени цигари во Северна Македонија е Родео, која ја претпочитаат 26,3 проценти од тековните пушачи на произведени цигари. Тоа е исто така и најевтината марка на пазарот (1,40 €, или 85 ден.). Интересно е што Marlboro е трет, бидејќи е еден од најскапите марки (по цена од 1,90 € или 120 ден. и 2,40 € или 150 ден.). Податоците во врска со преференците на марката се прикажани на Слика 7.7 и Табела Б7.3 во Прилог Б.

***Слика 7.7**. Повеќето пушачи на произведени цигари пушат marka Родео (n=448)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

ГЛАВА 8: СТАВОВИ, ПЕРЦЕПЦИИ И МЕДИУМИ

Пушењето тутун е главен фактор на ризик за неколку болести кои предизвикуваат предвремена смрт и хронични болести, како што се рак и болести на белите дробови и кардиоваскуларниот систем. Пушачите и непушачите честопати не ги разбираат целосно штетите предизвикани од пушењето и изложеноста на ИЧ. Од суштинско значење е да се зголеми јавната свест за штетите предизвикани од пушењето и да се обезбеди јавна поддршка за мерките за контрола на тутунот. Ова поглавје ги опишува наодите од истражувањето за знаењето и верувањето кај возрасните во Северна Македонија за штетите од пушењето и ИЧ, како и мерките за намалување на потрошувачката на тутун.

Клучни наоди

1. ***Повеќе од половина од возрасните (58,1 процент) сметаат дека доколку пушење или продажба на тутунски производи е нелегално, тоа ќе биде корисна стратегија за намалување на потрошувачката на тутун.***
2. ***Повеќето возрасни сметаат дека цигарите се скапи (44,8 проценти) или многу скапи (38,2 проценти).***
3. ***Со законодавство што забранува секаков вид рекламирање, само 4,8 проценти од возрасните забележале бесплатни примероци цигари како промоција на тутун.***

8.1. СТАВОВИ ЗА ПОЛИТИКИТЕ ЗА КОНТРОЛА НА ТУТУНОТ


Политиките за непушење и други мерки за контрола на тутунот се покажаа ефикасни во намалувањето на потрошувачката на тутун.[30] Потенцијално важен предуслов за ефективна политика за контрола на тутунот е јавната поддршка за ваквите мерки, особено кај пушачите. Претходните студии откриле дека непушачите и поранешните пушачи повеќе ги поддржуваат политиките за непушачи и мерките за контрола на тутунот, отколку тековните пушачи.[31] Како и да е, не е изненадувачки што постојат различни ставови кон политиките за контрола на тутунот и цените на цигарите.

Повеќето испитаници на оваа анкета сметаат дека цигарите се скапи (44,8 проценти) или многу скапи (38,2 проценти). Затоа, вкупно 83,0 проценти сметаат дека цените на цигарите се високи. Иако се чини дека општото мислење е дека цените на цигарите се високи, луѓето продолжуваат да ги купуваат. (Слика 8.1 и Табела Б8.1 во Прил Б).

[30] Schumann, A., Ulrich, J., Thyrian, J.R., Ulbricht, S., Hapke, U., & Meyer, C. (2006). Attitudes towards smoking policies and tobacco control measures in relation to smoking status and smoking behaviour. *European Journal of Public Health, 16*(5), 513–519

[31] Laforge, R., Velicer, W.F., Levesque, D.A., Fava, J.L., Hill, D.J., Schofield, P.E., Fan, D., De Vries, H., Shisana, W.O., & Conner, M. (1998). Measuring support for tobacco control policy in selected areas of six countries. *Tobacco Control,* 7, 241–6.

Слика 8.1. *Повеќето возрасни (83,0 проценти) сметаат дека цигарите се скапи (n=1,006)*




Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

8.2. СТАВОВИ ЗА ПОЛИТИКИТЕ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊА НА ЦЕНАТА

Повеќе од половина од тековните пушачи (56,9 проценти) се категорично против зголемувањето на цената на цигарите за пет проценти. Само 19,5 проценти од непушачите го делат овој став (Слика 8.2 и Табела Б8.2а во Прилог Б).


Слика 8.2. *Повеќе од половина од тековните пушачи се категорично против зголемување на цената за пет проценти (n = 1.006 за сите возрасни, n = 486 за тековните пушачи и n = 520 за непушачите)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија


Значително мнозинство од тековните пушачи (75,6 проценти) и 30,9 проценти од непушачите се категорично против 20-процентно зголемување на цената (Слика 8.3 и Табела Б8.2б во Прилог Б).

Слика 8.3. *Повеќе од три од четири тековни пушачи се категорично против зголемување на цената за 20 проценти (n=486)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Слика 8.4. *Повеќе од половина (55,7 проценти) од возрасните сметаат дека повисоките цени би биле корисна политика за намалување на употребата на тутун (n=1,006)*




Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Постојат голем број стратегии кои можат да се спроведат за да се намали потрошувачката на тутун (Слика 8.4 и Табела Б8.3а). Возрасните во Северна Македонија сметаат дека доколку пушењето или продажбата на тутунски производи стане нелегално, тоа би била најдобра стратегија (58,1 процент сметаат дека е доста корисна или многу корисна). Втората најпопуларна стратегија е зголемување на цената на тутунските производи и цигарите, бидејќи 55,7 проценти од возрасните сметаат дека ова би било доста корисно или многу корисно. Ограничувањето на бројот на продавници каде може да се продаваат производи од тутун е трета најпопуларна стратегија, каде 53,6 проценти од возрасните сметаат дека тоа е доста корисно или многу корисно. Најмалку популарна стратегија е нудењето на бесплатна поддршка за откажување од тутун, вклучително и терапија за замена на никотин (27,7 проценти сметаат дека е целосно бескорисна, а 27,5 проценти ја сметаат за бескорисна).

Ставовите кон различните стратегии за контрола на тутунот се разликуваат помеѓу пушачи и непушачи. Пушачите веруваат дека најефикасна стратегија би била доколку пушењето или продажба на тутунски производи станат нелегални (26,4 проценти сметаат дека е доста корисно, а 43,2 проценти сметаат дека е многу корисно) (Слика 8.5 и Табела 8.3б во прилог Б). Пушачите исто така веруваат дека зголемувањето на цените на цигарите или тутунските производи е корисна стратегија, како и проширувањето на забраните за пушење и ограничувањето на продавниците каде можат да се продаваат тутунски производи. Бесплатната поддршка за откажување од тутун и терапија за замена на никотин уште еднаш се покажа како помалку корисна стратегија (17,5 проценти од пушачите сметаат дека е целосно бескорисна, а 28,2 проценти сметаат дека е бескорисна).

Слика 8.5. *Возрасните сметаат дека бесплатната поддршка за откажување од тутун, вклучително и терапија за замена за никотин, е најмалку корисна стратегија за намалување на потрошувачката на тутун (n=1,006)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

Бидејќи законодавството забранува секаков вид рекламирање, нема значајни промоции што испитаниците на оваа анкета ги забележале во изминатите шест месеци, освен специјални цени или попусти за цигари. Резултатите се прикажани на Слика 8.7, а деталните податоци може да се најдат во Табела Б8.4 во Прилог Б.

Слика 8.6. *Повеќето возрасни не забележале никакви промоции на тутун во изминатите шест месеци (n = 1.006)*



Извор: Пресметки на авторите засновани на податоците на STC-SEE за Северна Македонија

ГЛАВА 9: ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Северна Македонија е една од 168-те земји потписнички на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на СЗО (FCTC). Како резултат, воведена е забрана за пушење на сите јавни места, вклучително и барови и ресторани. Колоритни предупредувања за здравјето на пакувањата со тутун станаа задолжителни во септември 2009 година, следејќи ја директивата на ЕУ 2001/37/ЕЗ. Спроведувањето на овие законодавни активности ја смести Северна Македонија меѓу една од најдобрите земји во регионот на Балканот за спроведување на вакви строги мерки против пушење. Северна Македонија исто така го ратификуваше Протоколот за елиминирање на недозволена трговија со тутунски производи на 8 јануари 2014 година, заедно со 53 други земји. Овие активности ја демонстрираат посветеноста на земјата во борбата против нелегалната трговија со тутун и производи од тутун, како и поширокаата тутнска епидемија, со цел да се намалат товарите што потрошувачката на тутун ги наметнува врз здравјето и економијата на земјата.

И покрај овој напредок, земјата сè уште се соочува со бројни предизвици, почнувајќи од многу висока преваленца на пушење од 48,4 проценти. Иако законот забранува пушење на јавни места, сепак постои голема изложеност на пушење на многу јавни места, особено барови и ноќни клубови (73,6 проценти) и ресторани (44,2). Нешто повеќе од половина од секојдневните пушачи, започнале да пушат помеѓу 18 и 24 години (51,3 проценти). Релативно низок процент (19,3 проценти) од сите тековни пушачи се обиделе да се откажат од цигарите во изминатите 12 месеци. Најважните причини наведени за обид да се откажат од пушењето се зголемено познавање на штетните ефекти од пушењето (36,0 проценти), високата цена на цигарите (31,6 проценти) и болест (25,8 проценти). Нешто помалку од половина (44,0 проценти) од тековните пушачи кои се обиделе да се откажат од цигарите, не успеале да апстинираат повеќе од еден месец.

Високата преваленца на пушење може лесно да се поврзе со многу ниската цена на произведените цигари (1,73 € за кутија од 20 произведени цигари). Просечен пушач на произведени цигари пуши, во просек, 382,0 цигари месечно, а пушач на рачно виткан тутун пуши 308,8 цигари месечно. Испитаниците на оваа анкета сметаат дека доколку пушењето или продажбата на тутунски производи станат нелегални, тоа би била најкорисната стратегија за намалување на потрошувачката на тутун.

Врз основа на резултатите презентирани во овој извештај, следните препораки им се нудат на креаторите на политиката:

- **Зголемување на цената на тутунските производи со зголемување на акцизата.** Оваа мерка е една од најефикасните мерки за обесхрабрување на младите да почнат да пушат, да се намали постојната употреба на тутун и да се спасат животи.[32] Просечната сума потрошена за кутија од 20 произведени цигари е 1,73 €. Ова е приближно еднакво на цената на еден литар млеко и еден леб. Понатаму, просечната месечна сума потрошена од тековните пушачи (на

[32] *Preventing tobacco use among youth and young adults: A report of the Surgeon General*. (2012). National Center for Chronic Disease Prevention and Health Promotion (US) Office on Smoking and Health.

произведени цигари и рачно виткани цигари) е 27,6 €, додека просечната месечна нето плата во Северна Македонија е околу 442 €.[33] Земајќи ја во предвид високата преваленца на пушење и учеството на трошокот за цигари во просечната месечна нето плата од само 6 проценти, сугерира дека цигарите во Северна Македонија се многу достапни и може да ги купи секој просечен Македонец, бидејќи тие не одземаат голем дел од нивната месечна нето плата.

- **Подигање на свеста за штетните ефекти врз здравјето предизвикани од употребата на тутун и воведување на сеопфатни програми за контрола на тутунот со цел да се намали пушењето и кај младите и кај возрасните.** Скоро половина од возрасните Македонци (48,4 проценти) во моментот пушат или секојдневно или помалку од секојдневно. Покрај тоа, повеќето од испитаниците се тешки пушачи (44,4 проценти), што значи дека пушат повеќе од 20 цигари дневно во просек. Во исто време, само 19,3 проценти од тековните пушачи се обиделе да се откажат од пушењето во последните 12 месеци. Вкупниот просечен период на апстиненција од пушење за оние кои се обидуваат да се откажат е само 1,7 месеци. Нешто помалку од половина (44,0 проценти) од тековните пушачи кои се обиделе да се откажат од цигарите, не апстинирале повеќе од еден месец. Различни возрасни групи треба да бидат различно таргетирани, имајќи ги предвид различните стапки на откажување и просечното времетраење на апстиненцијата. Мерките насочени кон помладите пушачи за да бидат мотивирани да се откажат, треба да вклучуваат сеопфатни кампањи на социјалните медиуми и дебати организирани во училишта, колеџи и универзитети, каде што може да се искористи притисокот од соучениците за да се зголеми мотивацијата. Покрај тоа, штетните ефекти на тутунот треба да се воведат како тема во наставната програма за образование со предавања на лекари, почнувајќи од основните училишта и особено во средните училишта. За постарите групи, акцентот треба да се стави на штетните влијанија од пушењето врз здравјето, преку медицински консултации и организирани јавни кампањи.
- **Развивање на ефикасни услуги за откажување од пушење кои треба да бидат овозможени и достапни за сите пушачи.** Само 19,3 проценти од тековните пушачи се обиделе да се откажат од пушењето, а нивното просечно времетраење на апстиненција било помалку од два месеци. Покрај тоа, повеќето тековни пушачи пушеле ист број цигари во минатото како и денес (60,3 проценти за произведени цигари и 72,5 проценти за рачно виткани цигари). Значајна стратегија за откажување може да вклучува: телефонски советодавни услуги водени од медицински професионалци, вклучително психолози и лекари, обучени за лекување на зависност од тутун и групи за поддршка на заедницата каде поранешните пушачи (кои се откажале) и пушачите можат да се состанат заедно и да ги споделат своите искуства и предизвици од откажувањето. Покрај тоа, терапијата за замена на никотин и лековите треба поактивно да се промовираат од страна на општите лекари.
- **Примена на политика заснована на докази и координација на напорите на сите релевантни чинители.** Тековната политика за контрола на тутунот во Северна Македонија не се базира на емпириски докази, туку повеќе на обиди и

[33] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

грешки. Дополнително, намалувањето на стапката на употреба на тутун бара значајни партнерства меѓу сите засегнати страни вклучени во процесот на креирање и спроведување на ефективна стратегија за контрола на тутунот. Треба да бидат вклучени сите поголеми институции, вклучително и Министерството за финансии, Министерството за здравство, Царинската управа, Институтот за јавно здравје и групите на граѓанското општество. Резултатите од истражувањето презентирани во оваа студија детално ги опишуваат важните информации за степенот на употреба на тутун и нејзините влијанија што можат да обезбедат основа за ефективно дејствување на државата.

ПРИЛОГ А: ДИЗАЈН ЗА ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ

Распределбата на примерокот по слоеви е пропорционална на големината на слојот (број на лица на возраст од 18–85 години). Пост-стратификацијата се врши според полот, возраста, видот на живеалиште, гео-економскиот регион и степенот на образование. Табелата А3.1 ги вклучува интервалите на доверба за примерокот по процент, додека табелата А3.2 дава информации за дизајнот за земање примерок.

Табелата А3.3 вклучува број на испитаници и точки на примероци по области: 11 во источниот регион, 10 во југоисточниот регион, 9 во југозападниот, 8 во Пелагонија, 9 во Полог, 6 во југоисточен, 17 во Скопје и 9 во Вардарски.

МЕРЕЊЕ

Мерењето на примерок е статистичко мерење поврзано со запис на податоци за секој испитаник во анкетата во примероци од население, целосно користејќи методи за случаен избор за одбирање на примерокот. Индивидуалното мерење на примерок е обратно од прилагодената веројатност за добивање на податоците за испитаникот. Во повеќето случаи, оваа веројатност едноставно е оригиналната веројатност за избор на испитаникот врз основа на дизајнот за земање примероци.

Рамката за земање примероци беше последниот попис, со пост-стратификациско прилагодување на калибрацијата на мерењата на познатата популација. Варијабли кои се користеа за калибрација беа региони, вид на живеалиште (урбано/рурално), возрасна група, пол и ниво на образование. Табелите А3.4-А3.18 даваат детални мерења.

Табела А3.1. *Процент на примерокот што дава можен одговор за Северна Македонија*

Вкупно население (во милиони)	Население 18-85 години (во милиони)	Процент на примерокот што дава можен одговор (95% CI)					
2.08	1.68	5 (3.7, 6.4)	10 (8.1, 1.9)	20 (17.5, 22.5)	30 (27.2, 32.8)	40 (40.0, 43.0)	50 (46.9, 53.1)
		60 (56.0, 63.0)	70 (67.2, 72.8)	80 (77.5, 82.5)	90 (88.1, 91.9)	95 (93.7, 96.4)	

Табела А3.2*. Дизајн на земање на примероци според региони и вид на живеалиште*

Вид на живеалиште	Вардарски	Источен	Југо-западен	Југо-источен	Пелагонија	Полог	Северо-источен	Скопје
Урбано	66.7%	63.4%	53.1%	44.8%	66.1%	29.6%	57.5%	71.0%
Рурално	33.3%	36.6%	46.9%	55.2%	33.9%	70.4%	42.5%	29.0%
Вкупно	100.0%	100.0%	100.0%	100.0%	100.0%	100.0%	100.0%	100.0%

***Табела А3.3**. Дизајн на земање на примероци според регион, област и вид на живеалиште*

Области и региони	Број на испитаници		
	Вид на живеалиште		
	Рурално	Урбано	Вкупно
Берово	4	4	8
Чешиново	0	4	4
Делчево	6	3	9
Карбинци	0	2	2
Кочани	14	5	19
Макед. Каменица	2	2	4
Пехчево	2	1	3
Пробиштип	4	4	8
Штип	22	2	24
Виница	5	5	10
Зрновци	0	2	2
Вкупно ИСТОЧЕН	**59**	**34**	**93**
Богданци	3	1	4
Босилово	0	7	7
Дојран	0	2	2
Гевгелија	8	4	12
Конче	0	2	2
Ново Село	0	6	6
Радовиш	8	6	14
Струмица	18	10	28
Валандово	2	4	6
Василево	0	6	6
Вкупно ЈУГОИСТОЧЕН	**39**	**48**	**87**
Центар Жупа	0	3	3
Дебар	9	2	11
Дебарца	0	3	3
Другово	0	2	2
Кичево	14	14	28
Македонски Брод	2	2	4
Охрид	21	7	28
Пласница	0	2	2
Струга	17	19	36
Вевчани	0	1	1
Вкупно ЈУГОЗАПАДЕН	**63**	**55**	**118**
Битола	38	10	48
Демир Хисар	1	4	5
Долнени	0	7	7
Кривогаштани	0	3	3
Крушево	2	3	5
Могила	0	3	3
Новаци	0	2	2
Прилеп	35	4	39
Вкупно ПЕЛАГОНИЈА	**76**	**36**	**112**
Желино	0	12	12

Области и региони	Број на испитаници		
	Вид на живеалиште		
	Рурално	Урбано	Вкупно
Боговиње	0	14	14
Брвеница	0	8	8
Гостивар	18	22	40
Јегуновце	0	5	5
Маврово Ростуше	0	4	4
Теарце	0	11	11
Тетово	27	17	44
Врапчиште	0	13	13
Вкупно ПОЛОГ	**45**	**106**	**151**
Кратово	4	1	5
Крива Паланка	8	3	11
Куманово	38	15	53
Липково	0	14	14
Ранковце	0	2	2
Старо Нагоричане	0	2	2
Вкупно СЕВЕРОИСТОЧЕН	**50**	**37**	**87**
Аеродром	35	1	36
Арачиново	0	6	6
Бутел	9	2	11
Чаир	33	0	33
Центар	24	0	24
Чучер Сандево	0	4	4
Гази Баба	24	13	37
Ѓорче Петров	13	2	15
Илинден	0	8	8
Карпош	28	1	29
Кисела Вода	25	4	29
Петровец	0	4	4
Сарај	3	15	18
Сопиште	0	3	3
Студеничани	0	9	9
Шуто Оризари	12	0	12
Зелениково	0	2	2
Вкупно СКОПЈЕ	**206**	**74**	**280**
Чашка	0	4	4
Демир Капија	1	1	2
Градско	0	2	2
Кавадарци	15	5	20
Лозово	0	1	1
Неготино	7	3	10
Росоман	0	2	2
Свети Николе	7	2	9
Велес	22	6	28
Вкупно ВАРДАР	**52**	**26**	**78**
ВКУПНО	**590**	**416**	**1,006**

***Табела А3.4**. Мерења: Вардардски регион, урбана средина*

Бр.	Гео-економски регион	Вид на живеалиште	Пол	Возраст	Ниво на образование	Мерење
1	Вардар	Урбано	Машки	18-24	Основно или помало	1.00000
2	Вардар	Урбано	Машки	18-24	Пониско средно	1.00000
3	Вардар	Урбано	Машки	18-24	Повисоко средно	1.00000
4	Вардар	Урбано	Машки	18-24	Високо	1.00000
5	Вардар	Урбано	Машки	25-34	Основно или помало	1.00000
6	Вардар	Урбано	Машки	25-34	Пониско средно	1.00000
7	Вардар	Урбано	Машки	25-34	Повисоко средно	1.22127
8	Вардар	Урбано	Машки	25-34	Високо	0.77580
9	Вардар	Урбано	Машки	35-44	Основно или помало	1.00000
10	Вардар	Урбано	Машки	35-44	Пониско средно	1.00000
11	Вардар	Урбано	Машки	35-44	Повисоко средно	0.85051
12	Вардар	Урбано	Машки	35-44	Високо	0.51818
13	Вардар	Урбано	Машки	45-54	Основно или помало	1.00000
14	Вардар	Урбано	Машки	45-54	Пониско средно	1.00000
15	Вардар	Урбано	Машки	45-54	Повисоко средно	0.91404
16	Вардар	Урбано	Машки	45-54	Високо	0.51892
17	Вардар	Урбано	Машки	55-64	Основно или помало	1.00000
18	Вардар	Урбано	Машки	55-64	Пониско средно	1.25521
19	Вардар	Урбано	Машки	55-64	Повисоко средно	0.54619
20	Вардар	Урбано	Машки	55-64	Високо	0.29740
21	Вардар	Урбано	Машки	65+	Основно или помало	1.00000
22	Вардар	Урбано	Машки	65+	Пониско средно	1.67545
23	Вардар	Урбано	Машки	65+	Повисоко средно	0.69922
24	Вардар	Урбано	Машки	65+	Високо	0.39696
25	Вардар	Урбано	Женски	18-24	Основно или помало	1.00000
26	Вардар	Урбано	Женски	18-24	Пониско средно	1.00000
27	Вардар	Урбано	Женски	18-24	Повисоко средно	1.00000
28	Вардар	Урбано	Женски	18-24	Високо	0.76645
29	Вардар	Урбано	Женски	25-34	Основно или помало	1.00000
30	Вардар	Урбано	Женски	25-34	Пониско средно	1.00000
31	Вардар	Урбано	Женски	25-34	Повисоко средно	1.00000
32	Вардар	Урбано	Женски	25-34	Високо	0.78183
33	Вардар	Урбано	Женски	35-44	Основно или помало	1.00000
34	Вардар	Урбано	Женски	35-44	Пониско средно	1.00000
35	Вардар	Урбано	Женски	35-44	Повисоко средно	0.98323
36	Вардар	Урбано	Женски	35-44	Високо	0.58977
37	Вардар	Урбано	Женски	45-54	Основно или помало	1.00000
38	Вардар	Урбано	Женски	45-54	Пониско средно	1.00000
39	Вардар	Урбано	Женски	45-54	Повисоко средно	1.02399
40	Вардар	Урбано	Женски	45-54	Високо	1.00000
41	Вардар	Урбано	Женски	55-64	Основно или помало	1.00000
42	Вардар	Урбано	Женски	55-64	Пониско средно	1.00000
43	Вардар	Урбано	Женски	55-64	Повисоко средно	0.57960
44	Вардар	Урбано	Женски	55-64	Високо	0.37874
45	Вардар	Урбано	Женски	65+	Основно или помало	0.91058
46	Вардар	Урбано	Женски	65+	Пониско средно	1.74865
47	Вардар	Урбано	Женски	65+	Повисоко средно	0.70465
48	Вардар	Урбано	Женски	65+	Високо	0.45181

***Табела А3.5**. Мерења: Вардардски регион, рурална средина*

Бр.	Гео-економски регион	Вид на живеалиште	Пол	Возраст	Ниво на образование	Мерење
1	Вардар	Рурално	Машки	18-24	Основно или помало	1.00000
2	Вардар	Рурално	Машки	18-24	Пониско средно	1.00000
3	Вардар	Рурално	Машки	18-24	Повисоко средно	1.00000
4	Вардар	Рурално	Машки	18-24	Високо	1.00000
5	Вардар	Рурално	Машки	25-34	Основно или помало	1.00000
6	Вардар	Рурално	Машки	25-34	Пониско средно	1.00000
7	Вардар	Рурално	Машки	25-34	Повисоко средно	1.50213
8	Вардар	Рурално	Машки	25-34	Високо	1.00000
9	Вардар	Рурално	Машки	35-44	Основно или помало	1.00000
10	Вардар	Рурално	Машки	35-44	Пониско средно	2.40410
11	Вардар	Рурално	Машки	35-44	Повисоко средно	1.00330
12	Вардар	Рурално	Машки	35-44	Високо	1.00000
13	Вардар	Рурално	Машки	45-54	Основно или помало	1.24255
14	Вардар	Рурално	Машки	45-54	Пониско средно	1.05781
15	Вардар	Рурално	Машки	45-54	Повисоко средно	1.00000
16	Вардар	Рурално	Машки	45-54	Високо	1.00000
17	Вардар	Рурално	Машки	55-64	Основно или помало	1.00000
18	Вардар	Рурално	Машки	55-64	Пониско средно	1.72748
19	Вардар	Рурално	Машки	55-64	Повисоко средно	0.64431
20	Вардар	Рурално	Машки	55-64	Високо	0.40929
21	Вардар	Рурално	Машки	65+	Основно или помало	0.95954
22	Вардар	Рурално	Машки	65+	Пониско средно	2.06076
23	Вардар	Рурално	Машки	65+	Повисоко средно	1.00000
24	Вардар	Рурално	Машки	65+	Високо	1.00000
25	Вардар	Рурално	Женски	18-24	Основно или помало	1.00000
26	Вардар	Рурално	Женски	18-24	Пониско средно	1.00000
27	Вардар	Рурално	Женски	18-24	Повисоко средно	1.00000
28	Вардар	Рурално	Женски	18-24	Високо	1.00000
29	Вардар	Рурално	Женски	25-34	Основно или помало	1.83172
30	Вардар	Рурално	Женски	25-34	Пониско средно	1.00000
31	Вардар	Рурално	Женски	25-34	Повисоко средно	1.75421
32	Вардар	Рурално	Женски	25-34	Високо	1.00000
33	Вардар	Рурално	Женски	35-44	Основно или помало	1.22345
34	Вардар	Рурално	Женски	35-44	Пониско средно	1.00000
35	Вардар	Рурално	Женски	35-44	Повисоко средно	1.27773
36	Вардар	Рурално	Женски	35-44	Високо	0.59132
37	Вардар	Рурално	Женски	45-54	Основно или помало	1.40112
38	Вардар	Рурално	Женски	45-54	Пониско средно	1.00000
39	Вардар	Рурално	Женски	45-54	Повисоко средно	1.34715
40	Вардар	Рурално	Женски	45-54	Високо	1.00000
41	Вардар	Рурално	Женски	55-64	Основно или помало	0.96384
42	Вардар	Рурално	Женски	55-64	Пониско средно	1.00000
43	Вардар	Рурално	Женски	55-64	Повисоко средно	0.82054
44	Вардар	Рурално	Женски	55-64	Високо	1.00000
45	Вардар	Рурално	Женски	65+	Основно или помало	1.14979
46	Вардар	Рурално	Женски	65+	Пониско средно	2.34549
47	Вардар	Рурално	Женски	65+	Повисоко средно	1.00000
48	Вардар	Рурално	Женски	65+	Високо	1.00000

Табела А3.6. *Мерења: Источен регион, урбана средина*

Бр.	Гео-економски регион	Вид на живеалиште	Пол	Возраст	Ниво на образование	Мерење
1	Источен	Урбано	Машки	18-24	Пониско средно	3.06048
2	Источен	Урбано	Машки	18-24	Повисоко средно	1.00000
3	Источен	Урбано	Машки	18-24	Високо	1.00000
4	Источен	Урбано	Машки	25-34	Основно или помало	1.00000
5	Источен	Урбано	Машки	25-34	Пониско средно	2.87414
6	Источен	Урбано	Машки	25-34	Повисоко средно	1.19947
7	Источен	Урбано	Машки	25-34	Високо	0.68097
8	Источен	Урбано	Машки	35-44	Основно или помало	1.00000
9	Источен	Урбано	Машки	35-44	Пониско средно	1.00000
10	Источен	Урбано	Машки	35-44	Повисоко средно	0.83533
11	Источен	Урбано	Машки	35-44	Високо	0.45483
12	Источен	Урбано	Машки	45-54	Основно или помало	0.99219
13	Источен	Урбано	Машки	45-54	Пониско средно	2.02400
14	Источен	Урбано	Машки	45-54	Повисоко средно	1.00000
15	Источен	Урбано	Машки	45-54	Високо	0.50966
16	Источен	Урбано	Машки	55-64	Основно или помало	0.67620
17	Источен	Урбано	Машки	55-64	Пониско средно	1.23280
18	Источен	Урбано	Машки	55-64	Повисоко средно	0.51449
19	Источен	Урбано	Машки	55-64	Високо	0.29209
20	Источен	Урбано	Машки	65+	Основно или помало	1.00000
21	Источен	Урбано	Машки	65+	Пониско средно	1.00000
22	Источен	Урбано	Машки	65+	Повисоко средно	0.68673
23	Источен	Урбано	Машки	65+	Високо	0.36330
24	Источен	Урбано	Женски	18-24	Основно или помало	1.00000
25	Источен	Урбано	Женски	18-24	Пониско средно	1.00000
26	Источен	Урбано	Женски	18-24	Повисоко средно	1.00000
27	Источен	Урбано	Женски	18-24	Високо	0.75276
28	Источен	Урбано	Женски	25-34	Основно или помало	1.00000
29	Источен	Урбано	Женски	25-34	Пониско средно	1.00000
30	Источен	Урбано	Женски	25-34	Повисоко средно	1.24520
31	Источен	Урбано	Женски	25-34	Високо	0.86723
32	Источен	Урбано	Женски	35-44	Основно или помало	1.00000
33	Источен	Урбано	Женски	35-44	Пониско средно	1.00000
34	Источен	Урбано	Женски	35-44	Повисоко средно	0.90339
35	Источен	Урбано	Женски	35-44	Високо	0.54154
36	Источен	Урбано	Женски	45-54	Основно или помало	1.03001
37	Источен	Урбано	Женски	45-54	Пониско средно	1.00000
38	Источен	Урбано	Женски	45-54	Повисоко средно	0.87688
39	Источен	Урбано	Женски	45-54	Високо	0.49783
40	Источен	Урбано	Женски	55-64	Основно или помало	0.66866
41	Источен	Урбано	Женски	55-64	Пониско средно	1.39013
42	Источен	Урбано	Женски	55-64	Повисоко средно	0.60082
43	Источен	Урбано	Женски	55-64	Високо	0.34110
44	Источен	Урбано	Женски	65+	Основно или помало	0.91812
45	Источен	Урбано	Женски	65+	Пониско средно	1.00000
46	Источен	Урбано	Женски	65+	Повисоко средно	1.00000
47	Источен	Урбано	Женски	65+	Високо	0.36172

Табела А3.7. *Мерења: Источен регион, рурална средина*

Бр.	Гео-економски регион	Вид на живеалиште	Пол	Возраст	Ниво на образование	Мерење
1	Источен	Рурално	Машки	18-24	Основно или помало	1.00000
2	Источен	Рурално	Машки	18-24	Пониско средно	3.61405
3	Источен	Рурално	Машки	18-24	Повисоко средно	1.77883
4	Источен	Рурално	Машки	18-24	Високо	1.00000
5	Источен	Рурално	Машки	25-34	Основно или помало	1.75369
6	Источен	Рурално	Машки	25-34	Пониско средно	1.00000
7	Источен	Рурално	Машки	25-34	Повисоко средно	1.49297
8	Источен	Рурално	Машки	25-34	Високо	0.84760
9	Источен	Рурално	Машки	35-44	Основно или помало	1.31063
10	Источен	Рурално	Машки	35-44	Пониско средно	1.00000
11	Источен	Рурално	Машки	35-44	Повисоко средно	0.99718
12	Источен	Рурално	Машки	35-44	Високо	0.56613
13	Источен	Рурално	Машки	45-54	Основно или помало	1.23497
14	Источен	Рурално	Машки	45-54	Пониско средно	1.00000
15	Источен	Рурално	Машки	45-54	Повисоко средно	1.05136
16	Источен	Рурално	Машки	45-54	Високо	1.00000
17	Источен	Рурално	Машки	55-64	Основно или помало	1.00000
18	Источен	Рурално	Машки	55-64	Пониско средно	1.63082
19	Источен	Рурално	Машки	55-64	Повисоко средно	1.00000
20	Источен	Рурално	Машки	55-64	Високо	0.36356
21	Источен	Рурално	Машки	65+	Основно или помало	0.89733
22	Источен	Рурално	Машки	65+	Пониско средно	1.00000
23	Источен	Рурално	Машки	65+	Повисоко средно	0.85477
24	Источен	Рурално	Машки	65+	Високо	1.00000
25	Источен	Рурално	Женски	18-24	Основно или помало	1.00000
26	Источен	Рурално	Женски	18-24	Пониско средно	1.00000
27	Источен	Рурално	Женски	18-24	Повисоко средно	1.00000
28	Источен	Рурално	Женски	18-24	Високо	1.14942
29	Источен	Рурално	Женски	25-34	Основно или помало	1.82055
30	Источен	Рурално	Женски	25-34	Пониско средно	1.00000
31	Источен	Рурално	Женски	25-34	Повисоко средно	1.54988
32	Источен	Рурално	Женски	25-34	Високо	1.00000
33	Источен	Рурално	Женски	35-44	Основно или помало	1.00000
34	Источен	Рурално	Женски	35-44	Пониско средно	1.00000
35	Источен	Рурално	Женски	35-44	Повисоко средно	1.00000
36	Источен	Рурално	Женски	35-44	Високо	0.58771
37	Источен	Рурално	Женски	45-54	Основно или помало	1.28205
38	Источен	Рурално	Женски	45-54	Пониско средно	1.00000
39	Источен	Рурално	Женски	45-54	Повисоко средно	1.00000
40	Источен	Рурално	Женски	45-54	Високо	0.61964
41	Источен	Рурално	Женски	55-64	Основно или помало	0.78088
42	Источен	Рурално	Женски	55-64	Пониско средно	1.00000
43	Источен	Рурално	Женски	55-64	Повисоко средно	0.66479
44	Источен	Рурално	Женски	55-64	Високо	0.37742
45	Источен	Рурално	Женски	65+	Основно или помало	1.14277
46	Источен	Рурално	Женски	65+	Пониско средно	1.00000
47	Источен	Рурално	Женски	65+	Повисоко средно	1.00000
48	Источен	Рурално	Женски	65+	Високо	1.00000

Табела А3.8. *Мерења: Југозападен регион, урбана средина*

Бр.	Гео-економски регион	Вид на живеалиште	Пол	Возраст	Ниво на образование	Мерење
1	Југозападен	Урбано	Машки	18-24	Основно или помало	1.00000
2	Југозападен	Урбано	Машки	18-24	Пониско средно	1.00000
3	Југозападен	Урбано	Машки	18-24	Повисоко средно	1.00000
4	Југозападен	Урбано	Машки	18-24	Високо	0.72757
5	Југозападен	Урбано	Машки	25-34	Основно или помало	1.41370
6	Југозападен	Урбано	Машки	25-34	Пониско средно	2.88386
7	Југозападен	Урбано	Машки	25-34	Повисоко средно	1.00000
8	Југозападен	Урбано	Машки	25-34	Високо	0.68327
9	Југозападен	Урбано	Машки	35-44	Основно или помало	0.94424
10	Југозападен	Урбано	Машки	35-44	Пониско средно	1.00000
11	Југозападен	Урбано	Машки	35-44	Повисоко средно	0.80386
12	Југозападен	Урбано	Машки	35-44	Високо	1.00000
13	Југозападен	Урбано	Машки	45-54	Основно или помало	1.05806
14	Југозападен	Урбано	Машки	45-54	Пониско средно	1.00000
15	Југозападен	Урбано	Машки	45-54	Повисоко средно	0.90076
16	Југозападен	Урбано	Машки	45-54	Високо	1.00000
17	Југозападен	Урбано	Машки	55-64	Основно или помало	0.60638
18	Југозападен	Урбано	Машки	55-64	Пониско средно	1.23697
19	Југозападен	Урбано	Машки	55-64	Повисоко средно	0.51622
20	Југозападен	Урбано	Машки	55-64	Високо	0.29307
21	Југозападен	Урбано	Машки	65+	Основно или помало	0.74673
22	Југозападен	Урбано	Машки	65+	Пониско средно	1.00000
23	Југозападен	Урбано	Машки	65+	Повисоко средно	0.61582
24	Југозападен	Урбано	Машки	65+	Високо	0.36738
25	Југозападен	Урбано	Женски	18-24	Основно или помало	1.91711
26	Југозападен	Урбано	Женски	18-24	Пониско средно	1.00000
27	Југозападен	Урбано	Женски	18-24	Повисоко средно	1.00000
28	Југозападен	Урбано	Женски	18-24	Високо	0.75531
29	Југозападен	Урбано	Женски	25-34	Основно или помало	1.00000
30	Југозападен	Урбано	Женски	25-34	Пониско средно	1.00000
31	Југозападен	Урбано	Женски	25-34	Повисоко средно	1.45068
32	Југозападен	Урбано	Женски	25-34	Високо	0.87017
33	Југозападен	Урбано	Женски	35-44	Основно или помало	1.20252
34	Југозападен	Урбано	Женски	35-44	Пониско средно	1.00000
35	Југозападен	Урбано	Женски	35-44	Повисоко средно	1.02373
36	Југозападен	Урбано	Женски	35-44	Високо	0.47377
37	Југозападен	Урбано	Женски	45-54	Основно или помало	1.16260
38	Југозападен	Урбано	Женски	45-54	Пониско средно	2.10826
39	Југозападен	Урбано	Женски	45-54	Повисоко средно	1.07935
40	Југозападен	Урбано	Женски	45-54	Високо	0.61278
41	Југозападен	Урбано	Женски	55-64	Основно или помало	1.00000
42	Југозападен	Урбано	Женски	55-64	Пониско средно	1.57531
43	Југозападен	Урбано	Женски	55-64	Повисоко средно	0.53590
44	Југозападен	Урбано	Женски	55-64	Високо	1.00000
45	Југозападен	Урбано	Женски	65+	Основно или помало	0.84475
46	Југозападен	Урбано	Женски	65+	Пониско средно	1.00000
47	Југозападен	Урбано	Женски	65+	Повисоко средно	0.78426
48	Југозападен	Урбано	Женски	65+	Високо	1.00000

Табела А3.9. *Мерења: Југозападен регион, рурална средина*

Бр.	Гео-економски регион	Вид на живеалиште	Пол	Возраст	Ниво на образование	Мерење
1	Југозападен	Рурално	Машки	18-24	Основно или помало	1.00000
2	Југозападен	Рурално	Машки	18-24	Пониско средно	1.00000
3	Југозападен	Рурално	Машки	18-24	Повисоко средно	1.34510
4	Југозападен	Рурално	Машки	18-24	Високо	0.85447
5	Југозападен	Рурално	Машки	25-34	Основно или помало	1.57699
6	Југозападен	Рурално	Машки	25-34	Пониско средно	1.00000
7	Југозападен	Рурално	Машки	25-34	Повисоко средно	1.26321
8	Југозападен	Рурално	Машки	25-34	Високо	0.80244
9	Југозападен	Рурално	Машки	35-44	Основно или помало	1.05330
10	Југозападен	Рурално	Машки	35-44	Пониско средно	2.26214
11	Југозападен	Рурално	Машки	35-44	Повисоко средно	0.84372
12	Југозападен	Рурално	Машки	35-44	Високо	0.52289
13	Југозападен	Рурално	Машки	45-54	Основно или помало	1.04491
14	Југозападен	Рурално	Машки	45-54	Пониско средно	1.00000
15	Југозападен	Рурално	Машки	45-54	Повисоко средно	0.88956
16	Југозападен	Рурално	Машки	45-54	Високо	1.00000
17	Југозападен	Рурално	Машки	55-64	Основно или помало	0.63645
18	Југозападен	Рурално	Машки	55-64	Пониско средно	1.00000
19	Југозападен	Рурално	Машки	55-64	Повисоко средно	0.57585
20	Југозападен	Рурално	Машки	55-64	Високо	0.34419
21	Југозападен	Рурално	Машки	65+	Основно или помало	0.75923
22	Југозападен	Рурално	Машки	65+	Пониско средно	1.64605
23	Југозападен	Рурално	Машки	65+	Повисоко средно	0.64636
24	Југозападен	Рурално	Машки	65+	Високо	1.00000
25	Југозападен	Рурално	Женски	18-24	Основно или помало	1.00000
